	441.842.063	**212.701.042**	**80.123.878**	**31.183.821**	**402.622.928**	**386.123.509**	**38.704.876**	**16.032.125**	**0**	**0**	**963.293.745**	**646.040.497**
Категорија Ставка О П И С Потставка	Буџетска сметка		Самофинансирачка сметка		Сметка на дотации		Сметка на донации		Сметка на кредити		ВКУПНО	
	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	Буџет	Реализ.
N20 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ	4.340.000	1.765.696	27.466.590	7.633.726	136.659.571	132.499.990	25.300.061	8.843.146	0	0	193.966.222	150.962.558
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**11.750**	**2.889**	**0**	**0**	**91.931.425**	**91.561.013**	**0**	**0**	**0**	**0**	**91.943.175**	**91.563.902**
401 Основни плати	11.750	2.889	0	0	67.109.246	66.839.089	0	0	0	0	67.120.996	66.841.988
402 Придонеси за социјално осигурување	0	0	0	0	24.822.177	24.721.914	0	0	0	0	24.822.177	24.721.914
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**3.838.250**	**1.756.807**	**24.110.590**	**7.652.145**	**44.928.146**	**40.938.977**	**25.300.061**	**8.843.146**	**0**	**0**	**98.177.047**	**59.191.075**
420 Патни и дневни расходи	0	0	795.000	169.676	0	0	1.023.530	474.613	0	0	5.675.675	644.291
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	60.000	0	530.000	29.921	9.573.646	7.396.402	0	0	0	0	17.265.993	7.426.323
423 Материјали и ситен инвентар	15.250	0	5.131.662	692.736	1.455.000	950.519	612.000	32.523	0	0	9.767.395	1.675.778
424 Поправки и тековно одржување	0	0	3.446.000	736.455	2.435.000	1.649.907	0	0	0	0	10.057.145	2.386.362
425 Договорни услуги	3.700.000	1.751.807	12.029.500	5.431.953	31.164.296	30.803.526	10.203.630	2.141.860	0	0	52.720.073	40.129.146
426 Други тековни расходи	60.000	5.000	2.178.428	369.402	270.000	135.623	13.460.901	6.194.150	0	0	21.443.046	6.727.175
46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ	**490.000**	**26.000**	**50.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**540.000**	**26.000**
463 Трансфери до невладини организации	140.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	140.000	0
464 Разни трансфери	350.000	26.000	50.000	0	0	0	0	0	0	0	350.000	26.000
48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	**0**	**0**	**3.306.000**	**181.581**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**3.306.000**	**181.581**
480 Купување на опрема и машини	0	0	2.090.000	142.114	0	0	0	0	0	0	181.581	142.114
482 Други градежни објекти	0	0	686.000	0	0	0	0	0	0	0	181.581	0
483 Купување на мебел	0	0	400.000	0	0	0	0	0	0	0	181.581	0
485 Вложувања и нефинансиски средства	0	0	130.000	39.467	0	0	0	0	0	0	181.581	39.467

ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

Ниво на: Ставка

	441.842.063	**212.701.042**	**80.123.878**	**31.183.821**	**402.622.928**	**386.123.509**	**38.704.876**	**16.032.125**	**0**	**0**	**963.293.745**	**646.040.497**
Категорија Ставка О П И С Потставка	Буџетска сметка		Самофинансирачка сметка		Сметка на дотации		Сметка на донации		Сметка на кредити		ВКУПНО	
	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	Буџет	Реализ.
NA0 ОБРАЗОВАНИЕ (КАПИТАЛНИ РАСХОДИ)	6.300.000	1.362.126	0	0	0	0	0	0	0	0	6.300.000	1.362.126
48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	**6.300.000**	**1.362.126**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**6.300.000**	**1.362.126**
480 Купување на опрема и машини	1.000.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	1.000.000	0
482 Други градежни објекти	5.300.000	1.362.126	0	0	0	0	0	0	0	0	5.300.000	1.362.126

ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

Ниво на: Ставка

	441.842.063	**212.701.042**	**80.123.878**	**31.183.821**	**402.622.928**	**386.123.509**	**38.704.876**	**16.032.125**	**0**	**0**	**963.293.745**	**646.040.497**

Категорија Ставка О П И С Потставка	Буџетска сметка		Самофинансирачка сметка		Сметка на дотации		Сметка на донации		Сметка на кредити		ВКУПНО	
	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	Буџет	Реализ.
R10 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА	5.650.000	2.733.666	0	0	0	0	0	0	0	0	5.650.000	2.733.666
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**5.150.000**	**2.573.122**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**5.150.000**	**2.573.122**
424 Поправки и тековно одржување	3.800.000	2.140.351	0	0	0	0	0	0	0	0	3.800.000	2.140.351
425 Договорни услуги	350.000	289.354	0	0	0	0	0	0	0	0	350.000	289.354
426 Други тековни расходи	1.000.000	143.417	0	0	0	0	0	0	0	0	1.000.000	143.417
46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ	**700.000**	**160.566**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**700.000**	**160.566**
464 Разни трансфери	700.000	160.566	0	0	0	0	0	0	0	0	700.000	160.566

ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

Ниво на: Ставка

	441.842.063	**212.701.042**	**80.123.878**	**31.183.821**	**402.622.928**	**386.123.509**	**38.704.876**	**16.032.125**	**0**	**0**	**963.293.745**	**646.040.497**

Категорија Ставка О П И С Потставка	Буџетска сметка		Самофинансирачка сметка		Сметка на дотации		Сметка на донации		Сметка на кредити		ВКУПНО	
	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	Буџет	Реализ.
RA0 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (КАПИТАЛ	9.700.000	1.878.552	0	0	0	0	0	0	0	0	9.700.000	1.878.552
48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	**9.700.000**	**1.878.552**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**9.700.000**	**1.878.552**
480 Купување на опрема и машини	3.700.000	1.878.552	0	0	0	0	0	0	0	0	3.700.000	1.878.552
482 Други градежни објекти	2.000.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	2.000.000	0
486 Купување на возила	4.000.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	4.000.000	0

ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

Ниво на: Ставка

	441.842.063	**212.701.042**	**80.123.878**	**31.183.821**	**402.622.928**	**386.123.509**	**38.704.876**	**16.032.125**	**0**	**0**	**963.293.745**	**646.040.497**
Категорија Ставка Потставка О П И С	Буџетска сметка		Самофинансирачка сметка		Сметка на дотации		Сметка на донации		Сметка на кредити		ВКУПНО	
	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	Буџет	Реализ.
T10 УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА	6.260.000	1.906.955	0	0	0	0	0	0	0	0	6.260.000	1.906.955
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**20.000**	**3.022**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**20.000**	**3.022**
401 Основни плати	20.000	3.022	0	0	0	0	0	0	0	0	20.000	3.022
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**5.350.000**	**1.676.763**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**5.350.000**	**1.676.763**
424 Поправки и тековно одржување	2.500.000	666.213	0	0	0	0	0	0	0	0	2.500.000	666.213
425 Договорни услуги	2.550.000	766.550	0	0	0	0	0	0	0	0	2.550.000	766.550
426 Други тековни расходи	300.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	300.000	0
46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ	**890.000**	**227.200**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**890.000**	**227.200**
463 Трансфери до невладини организации	450.000	200.000	0	0	0	0	0	0	0	0	450.000	200.000
464 Разни трансфери	440.000	27.200	0	0	0	0	0	0	0	0	440.000	27.200

ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

Ниво на: Ставка

	441.842.063	**212.701.042**	**80.123.878**	**31.183.821**	**402.622.928**	**386.123.509**	**38.704.876**	**16.032.125**	**0**	**0**	**963.293.745**	**646.040.497**
Категорија Ставка Потставка О П И С	Буџетска сметка		Самофинансирачка сметка		Сметка на дотации		Сметка на донации		Сметка на кредити		ВКУПНО	
	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	Буџет	Реализ.
V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ	150.000	31.555	26.524.707	16.609.626	45.667.039	41.736.457	355.620	196.776	0	0	74.747.566	60.574.616
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**0**	**0**	**0**	**0**	**41.823.250**	**38.164.073**	**0**	**0**	**0**	**0**	**41.823.250**	**38.164.073**
401 Основни плати	0	0	0	0	30.447.605	27.837.462	0	0	0	0	30.447.605	27.837.462
402 Придонеси за социјално осигурување	0	0	0	0	11.375.645	10.326.611	0	0	0	0	11.375.645	10.326.611
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**150.000**	**31.555**	**24.514.707**	**16.274.847**	**3.863.789**	**3.572.384**	**355.620**	**196.776**	**0**	**0**	**28.914.316**	**20.075.564**
420 Патни и дневни расходи	0	0	210.000	0	0	0	0	0	0	0	16.274.647	0
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	0	0	2.970.000	2.062.157	3.295.769	3.046.056	0	0	0	0	19.570.636	5.108.215
423 Материјали и ситен инвентар	50.000	0	16.415.000	10.636.323	0	0	355.620	196.776	0	0	16.710.667	11.035.101
424 Поправки и тековно одржување	0	0	2.760.000	1.624.165	0	0	0	0	0	0	16.274.647	1.624.165
425 Договорни услуги	100.000	31.555	1.550.000	1.302.304	568.000	526.326	0	0	0	0	16.942.647	1.860.185
426 Други тековни расходи	0	0	569.707	247.696	0	0	0	0	0	0	16.274.647	247.696
48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	**0**	**0**	**4.010.000**	**2.334.981**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**4.010.000**	**2.334.981**
480 Купување на опрема и машини	0	0	1.150.000	466.651	0	0	0	0	0	0	2.334.961	466.651
482 Други градежни објекти	0	0	2.560.000	1.707.606	0	0	0	0	0	0	2.334.961	1.707.606
483 Купување на мебел	0	0	300.000	160.322	0	0	0	0	0	0	2.334.961	160.322

ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

Ниво на: Ставка

	441.842.063	**212.701.042**	**80.123.878**	**31.183.821**	**402.622.928**	**386.123.509**	**38.704.876**	**16.032.125**	**0**	**0**	**963.293.745**	**646.040.497**
Категорија Ставка Потставка О П И С	Буџетска сметка		Самофинансирачка сметка		Сметка на дотации		Сметка на донации		Сметка на кредити		ВКУПНО	
	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	Буџет	Реализ.
VA0 СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА (КАПИТАЛНИ	920.000	866.106	0	0	0	0	0	0	0	0	920.000	866.106
48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	**920.000**	**866.106**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**920.000**	**866.106**
460 Купување на опрема и машини	50.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	50.000	0
462 Други градежни објекти	870.000	866.106	0	0	0	0	0	0	0	0	870.000	866.106

ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

Ниво на: Ставка

	441.842.063	**212.701.042**	**80.123.878**	**31.183.821**	**402.622.928**	**386.123.509**	**38.704.876**	**16.032.125**	**0**	**0**	**963.293.745**	**646.040.497**
Категорија Ставка Потставка О П И С	Буџетска сметка		Самофинансирачка сметка		Сметка на дотации		Сметка на донации		Сметка на кредити		ВКУПНО	
	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	Буџет	Реализ.
W00 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА	3.625.000	1.651.766	0	0	11.003.000	9.642.666	0	0	0	0	14.628.000	11.294.456
40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ	**506.700**	**93.554**	**0**	**0**	**11.003.000**	**9.642.688**	**0**	**0**	**0**	**0**	**11.509.700**	**9.736.242**
401 Основни плати	206.960	9.355	0	0	6.657.394	6.182.097	0	0	0	0	6.864.374	6.191.452
402 Придонеси за социјално осигурување	99.720	0	0	0	3.095.606	2.667.962	0	0	0	0	3.195.326	2.667.962
404 Надоместоци	200.000	84.199	0	0	1.250.000	792.639	0	0	0	0	1.450.000	876.838
42 СТОКИ И УСЛУГИ	**2.745.000**	**1.528.214**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**2.745.000**	**1.528.214**
420 Патни и дневни расходи	30.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	30.000	0
421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	1.275.000	934.893	0	0	0	0	0	0	0	0	1.275.000	934.893
423 Материјали и ситен инвентар	780.000	396.834	0	0	0	0	0	0	0	0	780.000	396.834
424 Поправки и тековно одржување	560.000	176.765	0	0	0	0	0	0	0	0	560.000	176.765
425 Договорни услуги	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0	0
426 Други тековни расходи	100.000	19.722	0	0	0	0	0	0	0	0	100.000	19.722
46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ	**373.300**	**30.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**373.300**	**30.000**
464 Разни трансфери	373.300	30.000	0	0	0	0	0	0	0	0	373.300	30.000

ПОСЕБЕН ДЕЛ НА ЗАВРШНА СМЕТКА

Ниво на: Ставка

	441.842.063	**212.701.042**	**80.123.878**	**31.183.821**	**402.622.928**	**386.123.309**	**38.704.876**	**16.032.125**	**0**	**0**	**963.293.745**	**646.040.497**
Категорија Ставка О П И С Потставка	Буџетска сметка		Самофинансирачка сметка		Сметка на дотации		Сметка на донации		Сметка на кредити		ВКУПНО	
	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	План	Реализ.	Буџет	Реализ.
WA0 ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)	1.000.000	46.000	0	0	0	0	0	0	0	0	1.000.000	46.000
48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ	**1.000.000**	**46.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.000.000**	**46.000**
480 Купување на опрема и машини	500.000	46.000	0	0	0	0	0	0	0	0	500.000	46.000
482 Други градежни објекти	500.000	0	0	0	0	0	0	0	0	0	500.000	0

Член 3

Во посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Велес за 2017 година се искажани планираните и извршените расходи по потпрограми, сметки и основни намени.

Член 4

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Велес за 2017 година ќе се објави во "Службен гласник на општина Велес".

25-1338/2
14.03.2018
Велес

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Душко Петров

Бр. 43

Врзоснова на член 50, став 1, точка 3 од Законотзалокалнатасамоуправа („Службенвесник на РМ“ бр.5/02) и член 27 одСтатутот на Општина Велес („Службенгласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
заобјавување на Заклучок за усвојување Годишен извештај за работењето на Општина Велес за 2017 година

СеобјавуваЗаклучокот за усвојување Годишен извештај за работењето на Општина Велес за 2017 година,штоСоветот на Општина Велес годонесе наседницатаодржана на 14.03.2018година.

Број 08-1339/2
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ”бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес”бр.12/06,3/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.03.2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување Годишен извештај за работењето на Општина Велес за 2016 година

1.Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за работењето на Општина Велес за 2017 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Велес”.

Број 25-1338/3
14.03.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа("Сл.весник на РМ" бр.61/04,96/04, 67/07 и 156/09 и 47/11),член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06,3/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден година го усвои,

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА

ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2017 ГОДИНА

Февруари 2018

1.Вовед

Општина Велес се наоѓа во централниот дел на Република Македонија на површина од 464,5 километра квадратни со 28 населени места и градот Велес , со 14 урбани и 19 месни заедници.

На територијата на Општина Велес живеат 55.108 илјади жители во 16.959 домаќинства со 20.717 станови (сите видови живеалишта).Од вкупниот број на жители 27.632 се мажи а 27.476 се жени.

Од вкупниот број на жители 46.767 се изјаснети како Македонци или 84,86 %, 2.406 се изјаснети како Бошњаци, 2.299 се изјаснети како Албанци, 1.724 се изјаснети како Турци итн.

Според школската подготовка структурата на целокупното население е следната и тоа со ССС има 20.491, со ВШС 1.553 , со ВСС 2.770 , со Магистратура 40 и со Докторат 7 лица.

.(Агенција за вработување на Р.Македонија)

П Р Е Г Л Е Д на невработени лица со состојба на 31.12.2017 година

Полова структура на лица кои барат работа			
Центар	Маж	Жена	Вкупно
Велес	2291	1648	**3939**

На територијата на општина Велес, согласно податоците од Државен завод за статистика со 31.12.2017 година, има вкупно 3646 невработени лица со следната структура по образование и полова структура:

Ред.	од 15-19 год.	од 20-24 год.	од 25-29 год.	од 30-34год.	од 35-39 год.	од 40-44 год.	од 45-49 god.	од 50-54 год.	од 55-59 год.	60 год. И повеќе	Вкупно
сосотојба 31.12.2017	**66**	**287**	**336**	**316**	**327**	**295**	**312**	**453**	**830**	**717**	**3939**




Активни деловни субјекти по големина, по општини, по години,

	состојба 31 декември 2016				
	Вкупно	Микро	Мали	Средни	Големи
Велес	1 835	1 337	472	17	9

На територијата на општината постојат 1.774 активни деловни субјекти во 2013 и 1847 во 2012 година распоредени по следниве индустриски гранки, производни и услужни дејности :

Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, по години, состојба 31 декември	2015	2016
Земјоделство, шумарство и рибарство	112	106
Рударство и вадење на камен	7	9
Преработувачка индустрија	196	213
Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	0	0
Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината	7	7
Градежништво	80	80
Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли	671	662

Транспорт и складирање	162	172
Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	103	110
Информации и комуникации	20	24
Финансиски дејности и дејности на осигурување	3	3
Дејности во врска со недвижен имот	10	10
Стручни, научни и технички дејности	156	172
Административни и помошни услужни дејности	26	24
Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување	4	4
Образование	23	26
Дејности на здравствена и социјална заштита	87	82
Уметност, забава и рекреација	27	33
Други услужни дејности	99	98
Вкупно	**1793**	**1835**



Извор: Државен завод за статистика (2015, и 2016)

Од 01.07.2005 година согласно законот за децентрализација Општина Велес ги презеде основачките права на 8 основни, 4 средни и едно музичко училиште, народен музеј, матична библиотека, детска градинка и територијалната противпожарна единица како установи основани од општината кој се јавуваат како буџетски корисници.

Од 01.09.2007 година Општина Велес премина во втората фаза на децентрализација при што се превзеде целосно финансирањето на локалните установи за материјалните трошоци и платите на вработените лица.

Во текот на 2008 на 74 седница одржана на ден 24.10. превземени се оснивачките права на ученичкиот дом „Лазар Лазаревски“ но средствата за финансирање на домот сеуште не се трансферираат преку општина Велес.

Капиталните инвестиции за превземените надлежности и понатаму се надлежност на централната власт на Република Македонија.


2. Годишна сметка

За обавување на основните функции и преземените надлежности согласно законот за децентрализацијата, Советот на Општина Велес за тековната 2017 година донесе буџет во транспаретна постапка во две фази како нацрт и предлог во износ од **963.293.745** денари по програми согласно буџетско-трезорското работење со следната структура на приходи и расходи:

Планирани приходи

Табела 1
во ден

Планирани приходи по видови	2016 год.	2017 год.	сооднос 2017/2016 %
Даночни приходи	178.210.000	208.177.520	116,82
Неданочни приходи	84.231.669	92.333.878	109,62
Капитални приходи	86.896.572	92.757.223	106,74
Трансфери	83.367.989	128.697.320	154,37
Блок дотации	388.995.143	402.622.928	103,50
Донации	41.137.266	38.704.876	94,09
Кредити	0	0	
Вкупно планирани приходи	862.838.639	963.293.745	111,64





Од погоре дадената табела се забележува дека Вкупно планираните приходи во 2017 година во однос на 2016 година бележат пораст од **11,64 %.**


Порастот на вкупните приходи се должи пред се на зголемувањето на планираните даночни приходи од 16,82% , зголемувањето на планираните неданочни приходи од 9,62% како и порастот на капиталните приходи и трансфери. Влијание врз порастот на вкупните планирани приходи имаат и блок дотациите кои во 2017 година бележат пораст од 3.50 % во однос на 2016 година..


Планирани расходи

Табела 2

во денари

Планирани расходи по видови	2016 год.	2017 год.	сооднос 2017/2016 %
Плати,наемнини и Надоместоци	365.560.236	367.304.487	100,48
Резерви и недефинирани Расходи	1.180.000	1.600.000	135,59
Стоки и услуги	305.731.118	343.351.303	112,31
Каматни плаќања	250.000	80.000	32,00
Субвенции и Трансфери	27.145.328	34.378.300	126,65
Капитални расходи	157.321.958	207.182.097	131,69
Социјални бенефиции	400.000	1.100.000	275,00
Отплата на главница	5.250.000	8.297.558	158,05
Вкупно планирани расходи	862.838.639	963.293.745	111,64





И кај вкупно планираните расходи во 2017 година споредено со планираните расходи за 2016 година се забележува пораст од 11,64 % што е ист со порастот на планираните приходи а што е одраз на принципот на буџетска рамнотежа меѓу планираните приходи и расходи.

Кај дел од планираните расходи се бележи зголемување во однос на претходната година односно има зголемувањето кај стоки и услуги од 305 милиони на 343 милиони денари или 12,31 %,како и кај планираните расходи за капиталните расходи кои во 2017 година се планирани на износ од 207.182.097 денари и бележат пораст за 31,69 % во однос планираните расходи во 2016 година .

На друга страна зголемување бележат планираните и расходи за плати и надоместоци и тоа од 365 милиони во 2016 на 367 милиони во 2017 година односно зголемување за 0,48 % .Резервите и недефинираните расходи исто така бележат пораст и тоа од 1.180.000 денари во 2016 на 1.600.000 денари во 2017 година односно пораст од 35,59 % како и социјалните бенефиции кои бележат зголемување од 400.000 во 2016 година на 1.100.000 денари во 2017 година односно бележат зголемување од 175,00 %.


Врз основа на усвоените програми кој се составен дел на буџетот на Општина Велес е реализирано извршувањето на буџетот како следува:

Табела 3

Вкупно реализирани приходи во денари

Вид на приход	2016 год	2017 год	сооднос 2017/2016 %
Даночни приходи	109.928.686	134.274.113	122,15
Неданочни приходи	46.842.609	38.702.305	82,62
Капитални приходи	55.780.797	17.226.456	30,88
Трансфери	53.754.863	58.212.417	108,29
Блок дотации	384.165.860	395.073.402	102,84
Донации	27.492.879	16.032.125	53.61
Кредити	0	0	0,00
Депозити	0	0	0,00
Вкупно реализирани приходи	677.965.694	659.520.818	97,28






Од погоре дадената табела 3 може да се забележи дека вкупно реализираните приходи во општина Велес за 2017 година изнесуваат 659.520.818 денари и се намалени во однос на реализираните приходи во 2016 година за 2,72 %.


Зголемувањето на реализираните приходи во 2017 година во однос на остварените приходи во 2016 година е остварен како резултат на зголемувањето на реализацијата на даночните приходи,трансферите и дотациите.

Табела 4
во денари

Споредба реализирани со планирани приходи

Планирани и реализирани приходи по видови	планирани 2017 год.	реализирани 2017 год	% на остварување
Даночни приходи	208.177.520	134.274.113	64,50
Неданочни приходи	92.333.878	38.702.305	41,96
Капитални приходи	92.757.223	17.226..456	18,57
Трансфери	128.697.320	58.212.417	45,23
Блок дотации	402.622.928	395.073.402	98,12
Донации	38.704.876	16.032.125	41,42
Кредити	0,00	0,00	0,00
Депозити	0,00	0,00	0,00
Вкупно планирани и реализирани приходи	963.293.745	659.520.818	68,47





Соодносот помеѓу планираните и реализираните приходи покажува 68,47% реализација во однос на планираното.

Табела 5

Вкупно реализирани расходи во денари

Остварени расходи по видови	2016 год.	2017 год.	сооднос 2017/2016 %
Плати,наемнини и надоместоци	356.016.605	355.789.055	99,94
Резерви и недефинирани расходи	1.022.000	760.000	74,36
Стоки и услуги	192.893.052	201.319.172	104,37
Субвенции и Трансфери	24.422.555	26.711.365	109,37
Капитални расходи	74.657.144	53.069.391	71,8
Социјални бенефиции	376.100	89.178	23,71
Каматни плаќања	168.461	4.778	2.84
Отплата на главница	5.249.959	8.297.558	158,05
Вкупно остварени расходи	654.805.876	646.040.497	98,66





Од погоре дадената табела 5 може да се забележи дека вкупно реализираните расходи во општина Велес за 2017 година изнесуваат 646.040.497 денари и се намалени во однос на реализираните расходи во 2016 година за 1,35 % , а истите споредени со планираните расходи бележат остварување од 67,07 %.

Позначителен пораст како во процентуално искажување така и во материјалност на вредностите бележат стоките и услугите, субвенциите и трансферите.

Вредно е да се спомене дека реализираните расходи имаат остварување во однос на планираните расходи од 67,07 % и е приближно на исто ниво како и на остварените приходи во однос на планираните приходи кои бележат остварување 68,47 %.

Табела 6

Споредба реализирани со планирани расходи

во денари

Планирани и реализирани расходи по видови	планирани 2017 год.	реализирани 2017 год	% на остварување
Плати,наемнини и адоместоци	**367.304.487**	**355.789.055**	**96,86**
Резерви и недефинирани Расходи	**1.600.000**	**760.000**	**47,50**

Стоки и услуги	**343.351.303**	**201.319.172**	**58,63**
Субвенции и Трансфери	**34.378.300**	**26.711.365**	**70,69**
Капитални расходи	**207.182.097**	**53.069.391**	**25,61**
Социјални бенефиции	**1.100.000**	**89.178**	**8,11**
Каматни плаќања	**80.000**	**4.778**	**5,97**
Отплата на главница	**8.297.558**	**8.297.558**	**100,00**
Вкупно планирани и реализирани расходи	**963.293.745**	**646.040.497**	**67,07**





Парични средства, побарувања , обврски и извори на средства

Салдото на сметката на буџетот на општината на 31.12.2017 година изнесува **7.727.724,00** ден. Овие средства преставуваат вишок на приходи за пренос во наредната година и се еднакви на вкупно остварената добивка во билансот на успех на буџетот на општината.

Во билансот на состојба со 31.12.2017 год. на име побарувања е искажан износ од **115.512.944,00** денари кој произлегува од:

Кумулирани побарувања по разни основи	Сума	Учество во %
Побарувања од граѓани – данок на имот	27.982.533	24,22
Побарувања од склучени договори за комуналии	14.203.539	12,30
Побарувања од данок на промет на недвижности	1.160.409	1,00
Побарувања од данок на наследство и подарок	256.696	0,22
Побарувања од фирми за регистрирана фирма	61.043.765	52,85
Побарувања – такса за користење на музика во локали	85.980	0,07
Побарувања од фирми за користење на ЈПП	399.127,00	0,35
Други побарувања	10.380.895	8.99
Вкупно	**115.512.944**	**100**





Вкупните обврски на Општина Велес на 31.12.2017 година изнесуваат **121.374.623,00** денари од кои :


- Вкалкулирани плати спрема вработените за декември 2017 - **2.772.526,00**

- Тековни обврски спрема добавувачи - **118.602.097,00 ден.**

Тековните обврски спрема добавувачите се однесуваат за обврски за потрошена електрична енергија, телефон , вода, извршени градежни работи и сл. за 2017 година.


Заклучно со 31.12 2017 година вредноста на постојаните средства на Општина Велес изнесуваат **954.280.084,00** денари со следната структура:

Р.бр	Постојани средства на Општина Велес	Вредност 2016	Вредност 2017	Сооднос 2017/2016 %
1	Нематеријални средства	3.389.454	4.325.208	127,61
2	Градежни објекти	191.744.561	202.265.164	105,49
3	Улици, патишта , тротоари и др. објекти	425.001.634	453.567.422	106,72
4	Опрема	52.244.086	52.224.864	99,96
5	Материјални средства во подготовка	224.607.267	241.897.426	107,70
Вкупно		**896.987.002**	**954.280.084**	**106,39**




Постојани средства на Општина Велес
Вредност 2016
0%
21%
25%
6%
48%
Нематеријални средства
Градежни објекти
Улици, патишта , тротоари и др. објекти
Опрема
Материјални средства во подготовка


Постојани средства на Општина Велес -
вредност 2017
0%
21%
25%
6%
48%
Нематеријални средства
Градежни објекти
Улици, патишта , тротоари и др. објекти
Опрема
Материјални средства во подготовка



Постојани средства на Општина Велес
960.000.000
950.000.000
940.000.000
930.000.000
920.000.000
910.000.000
900.000.000
890.000.000
880.000.000
870.000.000
860.000.000
896.987.002
954.280.084
Буџет 2016
Буџет 2017


3. Реализација по програми за извршување на буџетот

Вкупните расходи по утврдени намени и резерви се реализирани по следните програми:

A - Совет на Општина
D - Градоначалник
E - Општинска администрација
G - Локален економски развој
F -Урбанистичко планирање и уредување на просторот
J - Комунални дејности
K - Култура
L - Спорт
T- Унапредување на здравствена заштита
V - Социјална заштита –детски градинки
N - Образование
W - Противпожарна заштита

Програми	Планирано 2017	Реализирано 2017	реал/плани 2017 %
Противпожарна заштита	15.628.000	11.340.456	72,56
Социјална заштита	75.667.566	61.440.724	81,20
Здравствена заштита	6.260.000	1.906.985	30,46
Спорт и рекреација	18.530.000	11.458.086	61,84
Култура	37.925.816	23.368.090	61,62
Образование	420.324.305	354.850.782	84,42
Локален економски развој	38.671.700	16.174.580	41,83
Програма за уредување на градежно земјиште	221.925.700	72.593.476	32,43
Капитални трошоци на Општината	17.450.000	2.751.694	15,77
Општинска администрација	70.195.000	59.101.164	84,20
Месна самоуправа	200.000	127.425	63,71
Градоначалник	3.958.100	3.160.007	79,84
Совет на Општина	36.557.558	27.767.028	75,95
Вкупно	**963.293.745**	**646.040.497**	**67,07**


Програми 2017
Совет на Општина
27.767.028
16.557.558
Градоначалник
3.160.007
1.958.100
Месна самоуправа
127.425
200.000
Општинска администрација
59.101.154
70.195.000
Капитални трошоци на Општината
17.400.000
Програма за уредување на градежно земјиште
221.925.700
Локален економски развој
16.174.580
38.671.700
Образование
120.324.305
Култура
23.308.080
37.925.816
Спорт и рекреација
11.458.086
18.530.030
Здравствена заштита
6.260.000
Социјална заштита
61.440.724
75.667.566
Противпожарна заштита
11.340.456
15.623.000
0
100000000
200000000
300000000
400000000
500000000
Реализирано 2017
Планирано 2017



3.1. А – Совет на општина

Во буџетот на Општина Велес за програмата на А - Совет на Општина од планираните 36.557.558,00 денари реализирани се 27.767.028,00 денари односно реализирана е програмата на советот со 75,95 %.

Советот на Општина Велес во 2017 година одржа 24 редовни седници. За работењето на членовите на советот во 2017 година на име надоместоци исплатени се 4.308.713,00 денари, односно 15,51 % од вкупната реализација. Од тековните резерви се потрошени средства во износ од 430.000,00 денари односно 1,55 %.

Преку програмата на Советот на општина Велес се реализирани и други потпрограми и тоа „Програма за активностите на општина Велес во областа на промоцијата и комуникацијата со јавноста“, „Програма за активностите на општина Велес во областа на меѓународната соработка “, „Програма за активностите на општина Велес за поддршка на НВО секторот “и „Програма за активностите на општина Велес во областа на социјалната заштита“. Подолу ќе бидат прикажани деталните извештаи по поодделните потпрограми кои се реализирани преку програмата на Советот на општина Велес.

- ПРОМОЦИЈА И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во оваа Програма се содржани ативностите што Општина Велес ги презема за сопствена промоција преку печатење на соодветен промотивен материјал – брошури, флаери, плакати и друг печатен материјал, како и изработка и емитување на аудио и видео спотови и презентации што ги користи за презентирање на општината на саемски манифестации во државата и надвор од неа, најава за културни и дрги настани во организација на Општината и Советот на Општина Велес, како и објавувањето на соопштенија и дрг вид известувања за граѓаните (објави, повици, конкурси и сл.).

Делот за меѓународна соработка во најголем дел се средства предвидени за престој на странски делегации – гости на Општина Велес, посета на општински делегации на збратимените градови и учество на општината на саемски манифестации. .

Оваа Програма е димензионирана на 4.230.000,00 денари, а нејзината реализација е 75,58 %.

ПОДДРШКА НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот сектор во 2017 година беше димензионирана на 2. 070.000 денари.

За учество во реализација на проекти со здруженија на граѓани по доставени предлози, поддршка на програмски активности на ГО и партнерски проекти од Буџетот на Општина Велес се издвоени 360.000 денари од предвидени 1.000.000 денари.

Во овие средства не спаѓаат средствата што се доделени од Буџетот по програмите со строго дефинирани области – култура, спорт, социјална и здравствена заштита.

Преку оваа програма се финансира и одржувањето на објектите на Општина Велес во кои се сместени и делуваат дел од ГО, како и трошоците за комуналии на истите.

Оваа Програма е реализирана 32,66 %. Причина за овој процент на реализација е тоа што дел од здруженијата не ги искористија доделените средства и што станува збор за општи ставка од кои оваа изборна година Општина Велес, не смееше да врши исплати.

ПОДДРШКА МЛАДИ

Програмата за активностите на Општина Велес за поддршка на младите за 2017 се базира на основните цели на општината во оваа област. Според тоа Програмата содржи поддршка на проекти на ЗГ по доставени проекти, програмски активности на Здруженија на граѓани, учество во партнерски проекти, активности на Советот на млади и активности по Стратегија на млади. Првично оваа Програма е димензионирана на 1.900.000, 00 денари, а со измените на Програмата овој износ е намален на 1.200.000,00 ден.

Бидејќи голем дел на активностите, се реализирани со помош на општинската администрација од оваа програма се потрошени 176.423,00. Детален извештај за

реализирање на програмата ќе поднесе Советот на млади формиран од страна на Советот на Општина Велес.

3.2. Д – Градоначалник

Во програмата на градоначалник од планираните 3.958.100 денари во буџетот реализирани се 3.160.007 денари односно 79,84 %.

Најголем дел се однесуваат за исплатени плати и надоместоци од плати во износ од 1.371.423 денари односно 43,40 %. Од тековните резерви во програмата на градоначалник се потрошени 330.000 денари или 10,44 % и истите се однесуваат за исплата по основ на смрт на вработен или член на потесно семејство за вработените во општинските установи.За исплата на отпремнини по основ на пензионирање на вработени во општинските јавни институции се исплатени средства во вкупен износ од 1.229.626 денари односно 38,91 % од вкупната реализација. Остатокот од средствата во износ од 228.958,00 денари односно 7,25 % се исплатени на име патни и дневни трошоци, комунални услуги, комуникации и транспорт.

3.3. Е – Општинска Администрација

Во вкупниот буџет на Општина Велес за реализација на оваа програма беа предвидени средства во износ од 70.195.000 денари, а се реализирани 59.101.164 денари или 84,20 %.

Најголем дел се однесува за исплатени плати и надоместоци од плати за вработените во општинската администрација во износ од 29.883.038 денари односно учеството во однос на вкупната реализација по оваа програма изнесува 50,56 %. За стоки и услуги (патни и дневни расходи, комунални услуги , греење , комуникација, транспорт,ситен инвентар , тековно одржување, договорни услуги, други тековни расходи и привремени вработувања) и субвенции и трансфери се потрошени 29.213.348 ден или 49,43 % од вкупната реализација по програма Е-Општинска администрација и на име камата се исплатени средства во износ од 4.778 денари.

Во истата програма за капитални расходи реализирани се средства во износ од 2.751.694 денари или 15,77 % . Најголем дел се реализирани за реконструкција на делови од имотот на Општината и набавка на мебел и опрема.

Во рамки на буџетската програма Е-општинска администрација се реализирани активности на Општина Велес во областа на развојот на иниформатичката технологија во 2017 година.

-ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Развојни приоритети и цели

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на информатичкататехнологија (ИТ), во текот на 2017 година беше генерално насочена кон остварување на целите дефинирани во рамки на Стратегијата за информатички и комуникациски технологии, односно планираните проекти и акцискио тплан, како нејзин составен дел. Стратешките цели беа дефинирани во неколку приоритетни области, како што

се намалувањето на трошоците во работењето и подобрување на квалитетот на услугите, а главните цели беа поделени во неколку сегменти:

- континуирано одржување на целокупната оперативност на информатичко - комуникацискиот систем на општината;
- постојано модернизирање на хардверската инфраструктура и примена на современи алатки за подобрување на тековното работење;
- креирање на еднонасочки и двонасочни услуги за граѓаните базирани на примена на светските стандарди во оваа област.

Проектни активности

Во 2017 година, продолжија активностите за повторно воведување и надградба на Географско информацискиот систем (ГИС). Врз основа на студијата со анализа за надградба на постоечкиот ГИС, беше спроведена заедничка јавна набавка со ЈКП „Дервен" за лиценци, обработка на урбанистичка планска документација, обработка на податоци за водоводни и канализациски линии, изработка на ГИС апликации за дел од потребите на општината и ЈКП „Дервен", како и веб гис апликација за јавна презентација на урбанистичка документација и други точки од интерес со ГЕО податоци. Подготвена е инфраструктура, направено е поврзување со ЈКП „Дервен", поставени се апликациите и во ГИС системите се внесени постоечките дигитални податоци од ЈКП „Дервен", како и урбанистичката документација која има и електронска верзија. Веб локацијата на јавниот ГИС портал е http://gis.veles.gov.mk
Во текот на 2017 година, продолжи и процесот на надградба на серверските платформи, како и процесот на миграција и надградба на нови верзии на целиот информатички систем. Поставена е нова платформа за виртуелизација и подесени виртуелни сервери кои се ставени во продукција.
Поголемиот дел од планираните надградби и сетирања на системот во оваа фаза Одделението за ИТ успеа самостојно да ги направи и без притоа да ангажира трети лица за тоа, со што се направени значителни заштеди.
Врз база на превентивното одржување на системот, соодветното планирање и користење на гарантните периоди на опремата, во текот на 2017 година немаше поголеми проблеми и потреба од ангажирање на трети лица за одржување и сервисирање.
Планираната набавка на систем за автоматско правење резервни копии на податоци во електронски облик е одложена за 2018 година, поради дополнителни анализи за да се направи парвилен избор при моделот на лиценцирање.
Останатите активности се тековни е се однесуваат на континуирано одржување на информатичкиот систем, на хардверско и апликативно ниво.

Во прилог следи табела која ја прикажува реализацијата на годишната програма на Одделението за ИТ за 2017 година.

Трошковно место	Планиран износ	Фин. Програма	Реализиран износ	Разлика	Реализација на програма
17-ЕАИ.Географско информациски систем (ГИС)	2.500.000	ЕАИ	1.412.238	1.087.762	56.49%
17-ЕАИ.Набавка на аудио, видео опрема и систем за дојава	200.000	ЕАИ	0	0	0,00%

17-Е0И.Трошоци за одржување на апликации од трети лица, хостирање и хостирани услуги (mkhost /marnet / edusoft / mbs / euronetcom …)	600.000	Е0И	332.372	267.628	55.40%
17-ЕАИ.Купување на информартичка опрема	1.500.000	ЕАИ	137.501	1.362.499	9.17%
17-ЕАИ.Надградби на ИТ систем (инфрастуктура, системи и податоци)	500.000	ЕАИ	0	0	0,00%
17-ЕАИ.Набавка на софтвер и лиценци	850.000	ЕАИ	849.823	177	99.98%
17-Е0И.Специјалистички обуки	100.000	Е0И	0	0	0,00%
17-Е0И.Тековно одржување или надградби на хардвер и системски софтвер	500.000	Е0И	90.413	409.587	18.08%
17-ЕАИ.Надградби, адаптација или набавки на апликации или сервиси од трети лица	500.000	ЕАИ	0	0	0,00%
17-ЕАИ.Систем за автоматско правење резервни копии на податоци во електронски облик	600.000	ЕАИ	0	0	0,00%
Вкупно:	**7.850.000**		**2.822.347**	**3.127.653**	**35.95%**

3.4. Г- Локален економски развој

НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ЗА 2017 ГОДИНА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ



Програмата за активностите на Општина Велес во областа на локалниот економски развој за 2017 година беше донесена во транспарентна постапка како и во изминатите години, во две фази, како нацрт и предлог документ. Вкупно планираните средства за 2017 година изнесуваа 34.339.094 ден (со измена на програмата во мај,2017 беа зголемени на 40.335.394 ден) средства од буџетот на Општина Велес и од други домашни и меѓународни институции како поддршка за спроведување на проекти од важност за локалниот економски развој. Програмата на одделението за ЛЕР за 2017 година беше продолжување на Програмата за активностите во ЛЕР за 2016 година а со цел завршување на започнатите проекти и обезбедување на континуитет во локалниот економски развој. Со насока на обезбедување на повеќе техничка документација за апликација на нови проекти пред меѓународните фондови достапни за општините. Средствата од домашните институции во најголем дел се однесуваат на проектите финансирани од АФПЗРР по аплицираните проекти од 2015 година кои беа поддржани за реализација од страна на Советот на Општина Велес и истите се реализираа во текот на претходната 2016 и во почетокот на 2017. Средствата од меѓународните институции и фондови се однесуваа на грантот добиен преку Европската комисија и Министерството за Финансии од проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП) како и средствата предвидени за реконструкција на офицерскиот дом во центарот на градот со средства предвидени од Светска Банка добиени по успешно реализираниот кредит добиен од нивна страна за изградба на водоводот до е.Младост.

Во текот на изминатата година Програмата за ЛЕР претрпе една измена во месец мај со конректни промени во 4 ставки од истата. Измените во месец мај се должат на промени во ставките 2,7 и 11 односно „проекти финансирани од меѓународни фондови"; „ИПА преку министерството за финасии: Изградба на улици во селата Мамутчево и Чалошево" и „Мерки за енергетска ефикасност" при што се дополни и конкретизираше точката 2 во однос на најавената реконструкција на офицерскиот дом во соработка со Светска Банка односно средствата наменети во ставката „проекти финансирани од меѓународни фондови" е зголемена во износ од 4.300.000 денари. Точка 7 „Мерки за енергетска ефикасност" беше намалена за 1.000.000 денари, а по однос на зголемената цена за реализација на проектот финансиран од ИПА средствата „Изградба на улици во селата Мамутчево и Чалошево" истата ставка 11 беше зголемена за 3.696.300 денари. Програмата претрпи измена и во ставка 9 „Учество на домашни и меѓународни саеми и промотивни настани" при што оваа точка беше избришана.

Програмата за локален економски развој за 2017 година беше составена од вкупно 12 точки односно: „Подготовка на техничка документација за инфраструктурни проекти"; „Учество во проекти финансирани од домашни фондови"; „Учество во проекти финансирани од меѓународни фондови (Реконструкција на официрски дом со светска банка) "; „Поддршка на Центарот за развој на ВПР"; „Учество во проекти и активности на Регионалниот бизнис центар(МИР)";„Заедничко одделение за енергетска ефикасност на општините од ВПР"; „Мерки за енергетска ефикасност"; „Дизајн и печатење на промотивни материјали";„АФПЗРР – изградба на водовод во населено место Чалошево" Мерка 321;„ИПА преку министерство за финансии: Изградба на улици во селата Мамутчево и Чалошево" и „Обука за новиот стандард ISO 9001:2015".

Во точката еден односно „Подготовка на техничка документација за инфраструктурни проекти" потрошени се вкупно 982.115 денари односно 39% од

предвидените средства. Во текот на 2017 година, согласно потребите на одделението за ЛЕР и Општина Велес во однос на техничка документација за спроведување на проекти, по пат на јавна набавка од страна на економски оператор изработена е техничка документација која е неопходна за реализација на проекти од инфраструктурен карактер како и документација која е неопходна за поднесување на апликации до домашните и меѓународни фондови една од нив е и техничката документација за проектот за изградба на водовод до селата Бузалково и Раштани.

Во точката два односно „Учество во проекти финансирани од домашни фондови" не беа реализирани средства.

Во точката три односно „Учество во проекти финансирани од меѓународни фондови", не се потрошени средства иако истата со измената во месец мај беше зголемена. Поради непредвидени околности проектот за реконструкција на офицерскиот дом е одложен за 2018 година.

Во точката четири односно „Поддршка на центарот за развој на ВПР" потрошени се вкупно 551.080 денари или 92% од предвидените средства. Овие средства се потрошени согласно договорот помеѓу Општините за основање и финансирање на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион.

Во точката пет односно „Учество во проекти и активности на Регионалниот бизнис центар (мрежа за инклузивен развој)" средствата не беа реализирани.

Во точката шест односно „Заедничко одделение за енергетска ефикасност на општините од ВПР" потрошени се вкупно 512.020 денари или 93% од предвидените средства. Овие средства се потрошени согласно договорот помеѓу Општините од планскиот регион за основање на заедничкото одделение за енергетска ефикасност.

Во точката седум односно „Мерки за енергетска ефикасност" не беа реализирани средства.

Точките осум и девет од програмата за ЛЕР во 2016 година не беа реализирани, односно Општина Велес не доби покана за меѓународни промотивни настани и затоа одлучи да не бидат потрошени средства за дизајн и печатење на промотивен материјал со што овие средства беа пренесени во програмата за ЛЕР за 2018 година.

Во точката десет беше опфатен проектот поддржан од страна на Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој односно

„АФПЗРР – изградба на водовод во населено место Чалошево Мерка 321". Овој проект финансиран од „изградба на водовод во населено место Чалошево мерка 321" започна со реализација во 2016 година и истиот поради комплексност на инфраструктурните зафати продолжи во 2017 година вкупно беа реализирани 1.378.624 денари односно 10%. Останатите средства се префрлаат за 2018 година кога од проектот останува уште само исплаќањето од АФПЗРР.

Во точката тринаесет односно „ИПА преку министерството за финансии: Изградба на улици во селата Мамутчево и Чалошево" потрошени се вкупно 4.061.551 денари или 32 проценти. Средствата остануваат на донаторската сметка на Општина Велес наменета за овој проект кој поради комплексноста на процедурите за потпишување на грант договорот, како и меѓународните процедури за ангажирање на економски оператор беше одолговлечен. Останатите средства од оваа ставка се пренесуваат во програмата на одделението за ЛЕР за 2018 година.

Во точка 15 односно „Обука за новиот стандард ISO:9001-2008)" потрошени се вкупно 3.275 денари или вкупно 3% од предвидените средства. Средствата се потрошени за членство во Институтот за стандардизација на Република Македонија што овозможува пристап до сите документи од интерес, особено меѓународниот стандард ISO 9001:2008 и новиот стандард ISO 9001:2015 Поради потребата за одржување на постојниот стандард, и утврдените рокови со новиот Закон за

воведување на системи за управување со квалитет, обуката на сите раководни кадри за новиот стандард ќе се реализира во 2018 година, а имплементацијата треба да заврши до март 2019 година.

Дополнително од други фондови во соработка со француската Асоцијација „АЛМА“ и фондацијата „Фокус“ на 5-ти декември 2017 годинаво Велес беше организирана конференцијата „Европски искуства во развој на туризмот“со учество на нашите партнери од АЛМА и тројца експерти за развој на рурален туризам и ревитализација на руралната архитектура од Алзас.

Покрај овие активности, одделението за ЛЕР поднесе апликација и до проектот за локална и регионална конкуренција за реализација на потппроектот „кратки транзитни одмори и фамилијарни излети“. Потпроектот веќе ги помина техничките и административните критериуми и чека одобрување од одговорните лица на проектот.

Начин на реализирање

Основна цел на Програмата за локален економски развој за 2017 година беше континуиран развој на капацитетите на Општината за привлекување на инвестиции, зголемување на вработувањата преку развој и реализација на проекти и промоција на општината. Така во 2017 година, одделението за ЛЕР активно работеше на поднесување на апликации до меѓународните фондови за финансирање на проекти во насока на остварување на оваа цел.

3.5. Ф - Урбанистичко планирање и уредување на просторот

Позиција Ф1 - Урбанистичко планирање

1. Урбанистички планови
   - Во 2017 година донесени се:
     - Детални урбанистички планови
       -Детален урбанистички план за дел од УБ 16, дел од УБ 19 и УБ 20, УЕ II, м.в. Трпезица, КО Велес, Општина Велес-41,77 ха
     - Урбанистички план вон населено место
       - Урбанистички план вон населено место со намена Г2 лесна индустрија, Е1 комунална инфраструктура и Е3 некомпатибилна инфраструктура КО Оризари вон град Општина Велес-2,97 ха
     - Локална урбанистичка планска документација
     - Општи акти
       - Општ акт с. Клуковец-20,82 ха
       - Општ акт с. Новачани- 11,16 ха
       - Општ акт с. Бузалково- 63,60
       - Општ акт с. Сопот

2. Градежно земјиште
   - **Јавно наддавање**

     Во текот на 2017 година по пат на електронско јавно наддавање беа отуѓени вкупно 3 градежни парцели од кои 1 градежна парцела со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија и 2 градежни парцели со намена А4-времено сместување. Вкупно прибраните средства изнесуваат 1 839 040 денари, од кои 80 % влегуваат во Буџетот на Општина Велес, а останатите 20 % влегуваат во Буџетот на Република Македонија.

   - **Непосредна спогодба**

     Во текот на 2017 година примени се 107 барања за отуѓување на градежно земјиште по пат на непосредна спогодба од кои решени се вкупно 105 барања од кои се прибрани вкупно 4 569 239 денари, од кои 80 % влегуваат во Буџетот на Општина Велес, а останатите 20 % влегуваат во Буџетот на Република Македонија.

3. Одобрение за градење
   - Одобрение за градење, Одобрение за адаптација,адапт. и пренамена-Одобрение за реконструкција, Одобрение за подготвителни работи, Решение за објекти без одобрение за градба, Решение за измени во тек на градба,Решение за промена на инвеститор- 251
   - Пресметка за урбана опрема-68
   - Одобрение за вршење дејност за предпростор-3
   - Одобрение за урбана опрема-64
   - Правосилни заверки на документи по барање-8
   - Изводи од ГУП-238
   - Изводи од ДУП-257
   - Писма,потврди и други документи-270

Ф20 Уредување на градежно земјиште

Уредување на градежно земјиште (за надзор над изведба на градежни објекти, геодетските услуги и геомеханички испитувања од предвидените средства во износ од 5.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 2.057.682,00 денари (37,41%).

Реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Велес за 2017 година беше континуирано контролирана од ангажираните фирми за вршење на надзор над квалитетот и количините на изведени работи. За потребите на општината се изработуваа елаборати за геодетски услуги како за нумерички податоци, ажурирани подлоги за тековни и

планирани проекти и пренесување на проекти на терен. Се изготвија елаборати за запишување на правото на недвижност на бесправно изградени водоводни и канализациони линии. Се изготвија геодетски елаборати за запишување на правата на недвижностите за фитнес зоната во градскиот парк и повеќе наменското игралиште во Башино село.

За подобрување на водоснабдувањето во Индустриска зона Караслари се изврши пробни бушотини за добивање на хидрогеолошки карактеристики на теренот. Машинско дупчење на бунар се изврши и на локалитетот Ново село. Се изготвија геомеханички истражни работи за изготвување на проектната документација.

Ф30 Уредување на простор во рурални подрачја

Во село Оризари се изврши бетонирање на улица, се избетонира по една улица и во село Раштани, Бузалково, Башино село и др. Се вршеше тампонирање на дел од патот кон Сливник и кон Населба Отовица. Се изврши санирање на оштетувањата на патот кон Ветреско. Се санираше постоечката канализација во село Мамутчево со изведба на крак од 50м и се изведе фекален колектор во село Сливник во должина од 1200м ф200. Се изврши расчистување на локалниот пат кон село Ораовец поради одрони од земја.Се санираше дефектот во системот за водоснабдување во село Раштани. Се направи доводен цевковод за село Белештевица околу 1500м ф50/10 бари. Се тампонираше патот кон Сопот и Горно Каласлари.

Од предвидените средства во износ од 6.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 4.298.706,00 денари (66,13 %).

ФА0 Уредување на градежно земјиште (капитални трошоци) – изработка на проектна документација за инфраструктура

Се изработија проекти за : **водовод и канализација и тоа:**

- Елаборат за заштита на животната средина за реконструкција на водоводна линија на ул.“Богдан Каракостев“,ул.“8-ми Март“,ул.“Костурска“;ул.“ Даме Груев “,ул.“ Орце Мартинов“ и др.
- Елаборат за заштита на животната средина за реконструкција на канализациона линија на ул.Јовче Чучук и ул.Орце Шутев и ул.“Страшо Пинџур“(Страшо Пинџур, Никола Отровчанов, Илинденска);

- Елаборат за заштита на животната средина за изградба на колектор за атмосверски води на потег од Тргошпед до река Вардар;
- Основен проект за водоснабдителен систем за село Сопот и др.

За улици и патишта

- Елаборат за заштита на животната средина за проширување на дел од ул.Димитар Влахов,
- Изработка на проектна документација за изградба на улици во УЕ 2 Блок 1 и 2 Езеро Младост;
- Основен сообраќаен проект за времен режим на сообраќај за изградба на надпатник –пешачки мост над автопат Е-75 Скопје – Велес за поврзување на населено место Башино село со селските гробишта;
- Елаборат за заштита на животната средина за изградба на кружен тек;
- Изготвување на проектна документација за мв Трпезица;
- Основен сообраќаен проект за времен режим на сообраќај за реконструкција на ул.8-ми Септември.
- Основен проект за кружен тек на раскрсница помеѓу ул.“Благој Ѓорев“ и ул.“Наум Наумовски Борче“.
- Проект за инфраструктура и Основен проект за пристапна улица во мв Порцеланова;
- Основен сообраќаен проект за времен режим на сообраќај на ул.Самоборска;
- Основен сообраќаен проект за времен режим на сообраќај на ул.8-ми септември;
- Основенн сообраќаен проект за изградба на улици во УЕ 2 Езеро Младост;
- Проектна документација за изградба на потпорен ѕид на Коле Цветков, Стеван Бобев, Богдан Прличков, Владимир Назор, Киро Пракицов и др.
- Изработка на проектна документација за отстранување на објекти склони на рушење;
- Елаборати за поставување на урбана опрема;

Во текот на 2017 година се јави потреба од експропријација на земјиште и се потрошија дел од предвидените средства.

Од предвидените средства во износ од 4.800.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.565.633,00 денари (32,62%).

Ј Комунални дејности

Од предвидените средства во износ од 183.653.700,00 денари се потрошени средства во износ од 60.913.055,00 денари (33.17 %).

Ј00 Одржување на урбана опрема

Се вршеше континуирано одржување на поставената урбана опрема и промена на оштетени делови на улиците низ градот и во детските забавни паркови. Се изврши санирање на оштетувањата во детскиот забавен парк на улица Димко Најдов, наспроти МВР и во кругот на ОУ Васил Главинов. Се поправија седиштата за резервни играчи , делегати и судии на фудбалскиот терен во Башино село. Се уреди поплочениот простор на улица Браќа Капчеви и Коле Цветков со поставување на клупи и корпи. Се поставија клупи и во училишниот двор во ООУ Рајко Жинзифов во Горно Оризари. Се поправија клупите во летниковецот на ул.Белградска. Се постави фонтана комплет со бетонски елементи кај споменикот Гемиции.

Од предвидените средства во износ од 2.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 959.585,00 денари (47,98%).

ЈН0 Урбана опрема (капитални расходи)

Во текот на цела година се врши набавка на урбаната опрема и нејзино поставување. На барања на граѓани се поставуваа клупи, ракофати и огради на повеќе локации низ градот. Поставената урбана опрема тековно се одржуваше. Се поправи оградата на мостот на локалниот патен правец Отовица Сујаклари. Во 2017 година се поставени ракофати во високите зони на градот. Огради се поставија на улица Родна Ивева, на улица Благој Ѓорев и др. По добивање на извештаите од Центарот за јавно здравје се поставија информативни табли во градот и населените места за квалитетот на водата за пиење. Се изработија и поставија заштитни столбчиња на реконструираните тротоари.

Од предвидените средства во износ од 3.400.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.513.489,00 денари (44,51 %).

Ј10 Снабдување со вода

Се вршеше тековно одржување на системите за водоснабдување во населените места. Се прошири мрежата за водоснабдување во село Горно Оризари за околу 200м. Се вршеше дотур на питка вода за населените места.

Од предвидените средства во износ од 1.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 265.930,00 денари (17,73 %).

ЈГ0 Изградба на системи за водоснабдување

Се продолжи со изградба на водоснабдителен систем за Индустриска зона Речани 2 со прстенасто поврзување со водоснабдителниот систем на езеро Младост, како и крак за водоснабдување во Населба Речани. Водоводната линија за село Раштани и Бузалково како и водоводна линија во Превалец и Оризари е предвидено да се реализира со средства од ЕИБ во наредната година. Се набави пумпа за технолошка вода во Индустриска зона Караслари.

Од предвидените средства во износ од 18.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.012.069,00 денари (5,62 %).

Ј20 Одведување и пречистување на отпадни води

Се изврши редовно чистење на каналите за атмосферска канализација . За потребите на проектантите на колекторот и пречистителната станица за град Велес се изврши чистење на постојната фекална канализација на на одредени делови од градот. Во село Иванковци и Горно Оризари се вршеше тековно одржување на пречистителните станици. Се изведе атмосферска сливна решетка на улица Никола Карев, покривање на атмосферски канал на спој на улица Петре Прличко со улица Димитар Влахов, поставување на сливници, санирање на постоечки атмосферски канали и др.

Од предвидените средства во износ од 3.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 2.680.600,00 денари (76,59 %).

ЈИ0 Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води

Се изведе фекална канализација во село Горно Оризари и тоа дел од краци од зона 2 со потребен број на шахти. Се изведе фекална канализација на дел од улица Тодор Јанев и се санираше дефект на фекалната канализација во Населба Отовица. Од страна на економски оператор се изврши нивелирање на капаци на шахти за фекална канализација на повеќе улици низ градот.

Од предвидените средства во износ од 9.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 2.176.575,00 денари (22,91 %).

J30.Јавно осветлување

Од оваа ставка се изврши наплата за потрошената електрична енергија, одржувањето на јавното осветлување, новогодишно украсување на градот, се изврши набавка на репро материјал за јавното осветлување, се прошируваше постоечката мрежа за улично осветлување.Во текот на 2017 година сервисирани се 932 сијалични места.

Од предвидените средства во износ од 19.700.000,00 денари се потрошени средства во износ од 17.658.451,00 денари (89,64%).

JA0.Изградба на јавно осветлување

Се изврши проширување на мрежата за улично осветлување во градот и населените места, реконструкција на мрежи каде што ЕВН врши реконструкција на мрежите и поставување на ново мерно место. Проширување на мрежата за улично осветлување со поставување на нови столбови вкупно 8 се изврши на следните локации: ул.Димко Најдов број 90, ул.Ѓоре Органџиев број 38, Комплекс згради К1, К2 и К3, ул.Белградска број 63, ул.Благој Ѓорев број 135. Се изврши проширување на мрежата на улично осветлување на столбови на ЕВН на ул.А.Д.Бауман, ул.Н.Н.Борче, ул.С.Б.Буридан бр.54-70, во с.Горно Оризари, Превалец, с.Долно Караслари, с.Иванковци, Населба Речани, у. Стеван Богоев бр.31, Хаџи Косте бр.5, ул.Мицко Козар бр.13, Вера Цириви ри број 135, Васа Кошулчева бр.36, ул.Румена Хаџи Панзова бр.22, Башино село и др. Или вкупно новомонтирани светилки 69.

Од предвидените средства во износ од 5.800.00.000,00 денари се потрошени средства во износ од 2.149.510 ,00 денари (37,06 %).

J40 Јавна чистота

Согласно Програмата за одржување на јавната чистота за 2017 година извршено е плаќање на месечно задолжување од ЈКП Дервен за реализираните активности на чистење, миење и одржување на јавните површини , како и чистење на снег и мраз во зимски услови за 2017 година.

Извештајот за реализираните работи согласно Програмата за 2017 година ќе биде доставен на разгледување до Советот на Општина Велес од страна на ЈКП Дервен.

Од предвидените средства во износ од 10.500.000,00 денари се исплатени средства во износ од 747.196,00 денари (7,11 %).

Ј60 Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќај

Во 2017 година реализирани се следните зафати: се заврши со прередување на камени коцки на дел од улица Милан Страчков, дел од улица Тодор Ацев и улица Богдан Каракостев. Се асфалтираше дел од тротоарот на ул.Благој Ѓорев пред соборниот храм

Се тампонираа улици Васил Иљоски и Димитар Поп Андонов Папрадишки во Населба Речани, во викенд населба Езеро Младост и др. .

Се пробија улиците согласно ДУП на локалитет Касарна;

Се ангажираше градежна машина за отстранување на дрвја од речното корито на река Вардар за заштита на мостот Башино село.

Се изврши чистење на банкини на локалните патишта, како и овозможување на прегледност на вертикалната сигнализација низ градот. Зимското одржување на локалните патишта се вршеше тековно, се изврши набавка на потребните количини на индустриска – камена сол, како и одржувањето на хоризонталната и вертикалната сигнализација. Средствата за зимско одржување беа целосно исцрпено имајќи во предвид екстремните врнежи од снег и екстремно ниските температури. Се изврши изведба на хоризонтална сигнализација (осовинско одбележување, автобуски стојалишта, такси станици, пешачки премини) и др.

Од предвидените средства во износ од 21.500.000,00 денари се потрошени средства во износ од 8.025.499,00 денари (37,33 %).

ЈД0 Изградба и реконструкција на локални патишта и улици

Се изврши реконструкција на дел од улица Стефан Димитров во должина од околу 160м и широчина од 4м;

Во 2017 година се бетонирани следните улици:

- Се избетонира дел од улица Андреа Дамјанов (Костурска 2 во должина од околу 200м и променлива широчина);
- Се избетонира крак од улица Сараевска во должина од 80м и широчина од 4м;

- Се избетонира пристап кон црква во Населба Превалец во должина од 230м и широчина од 3м;
- Се реконструираа дел од улица Орце Мартинов од спој со Игманска до крај во должина од 220м и широчина од 3,5м;
- Се бетонираше дел од улица Роса Плавева;
- Се направи пешачка патека со пристапни скали кон улица Кирил и Методиј во доилжина од околу 120м и ширина 1м;
- Се изврши крпење на ударни дупки на улици со завршен слој бетон.

Во 2017 година се санираа оштетувањата на локалниот пат од Населба Отовица кон викенд Населба Езеро Младост и се изврши крпење на ударни дупки на улици со завршен слој асфалт на повеќе локации во неколку наврати во текот на годината.

Во 2017 година се изведоа следните потпорни ѕидови:

- Се изведе потпорен ѕид на улица Браќа Капчеви;
- Потпорен ѕид на Костурска 2;
- Се изведе потпорен ѕид на улица Орце Шутев со должина од 9,5м и висина околу 1,50м;
- Се изведе потпорен ѕид на улица Димко Најдов;
- Се изведе потпорен ѕид на Љубен Весов.
- Се изведе потпорен ѕид во дворот на ОУ Кирил и Методиј во должина од 20м и висина околу 3,50м,

За интервентно санирање на нестабилни карпести блокови од страна на граѓани беше доделен градежен материјал со кој граѓаните сами извршија зафати за обезбедување на теренот. Со материјали издадени од Општина Велес се изврши бетонирање на краци со завршен слој земја и изведба на потпорни ѕидови.

Од предвидените средства во износ од 29.003.700,00 денари се потрошени средства во износ од 10.529.075,00 денари (36,30 %).

Ј70 Одржување и користење на паркови и зеленило

Средствата предвидени за одржување на градското зеленило се потрошени за спроведување на Програмата за јавно зеленило за 2017 година преку месечно задолжување од страна на ЈКП Дервен. Извршена е набавка цветен пикиран расад за пролетното и есенското уредување на цветните површини во градот, набавка на тревно семе за затревување на новоподигнатите зелени површини.

Од предвидените средства во износ од 16.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 2.923.764,00 денари (18,27 %).

ЈМ0 Паркови и зеленило (капитални расходи)

Средствата предвидени за подигнување и реконструкција на нови зелени површини се потрошени за спроведување на Програмата за подигнување и реконструкција на нови зелени површини за 2017 година.

Партерно се уреди просторот на ул.Коле Цветков, на ул.Браќа Капчеви, ул.Илинденска, 11 Октомври, Благој Ѓорев како и се поплочи патерот пред колективни станбени згради на улица Оливер Китановски.

Од предвидените средства во износ од 5.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 2.224.584,00 денари (44,49 %).

Ј80 Други комунални услуги

Во 2017 година се вршеше отстранување на објекти склони на рушење по комплетно завршување на процесот со изготвување на потребна документација и обезбедување на сите потребни согласности. Меѓутоа наплатата ќе биде во тековната 2018 година.

Од предвидените средства во износ од 2.800.000,00 денари се потрошени средства во износ од 0,00 денари (0,00 %).

ЈЛ0 Други комунални услуги (капитални расходи)

Се работеше на подобрување на Инфраструктурата во Индустриските зони во Речани и Караслари. За континуирано водоснабдување се изврши набавка и монтажа на опрема за Скада систем во ИЗ Караслари.

Се започна со Изградба на наддпатник – пешачки мост над автопат Е75 Скопје Велес за поврзување на Башино село со селските гробишта.

Од предвидените средства во износ од 32.950.000,00 денари се потрошени средства во износ од 6.421.256,00 денари (19,49 %).

JE0 Изградба на простори за паркирање

Се поплочи простор за паркинг места на улица 11 Октомври и во дворот на Гимназијата.

Од предвидените средства во износ од 2.000.000,00 денари се потрошени средства во износ од 1.625.472,00 денари (81,27 %).

Дел од изведените активности во 2017 година согласно Договорите и динамиката за исплата на доставените ситуации ќе се реализира во 2018 година. Финансискиот дел од извештајот се однесува на изведените работи кои се наплатени. Изведените работи кои не се исплатени не се вкалкулирани во процентуалниот износ на реализација.

P1 - Заштита на животната средина

Во текот на 2017 година од планираните 8, финансиски се реализирани 6 области од Програмата наведени во следната табела:

Во текот на 2017 година од планираните 7, финансиски се реализирани 6 области од Програмата наведени во следната табела:

Табела. Финансиска реализација на Програма за заштита на животната средина

Прог	Назив	Планирано МКД	Година	Потрошено МКД	Разлика МКД	Реализација
P1	17-P1.Анализи на квалитет на животна средина	150.000,00	2017	57.154,00	92.846,00	38,10%
P1	17-P1.Кампања за подигнување на јавна свест за управување со отпадот – дел од Програма за управување со отпадот	200.000,00	2017	232.200,00	-32.200,00	116,10%
P1	17-P1.Набавка на материјал за хортикултурно уредување	2.500.000,00	2017	2.149.237,00	350.763,00	85.97%
P1	17-P1.Проектна документација за животна средина	200.000,00	2017	143.417,00	56.583,00	71.71%
P1	17-P1.Спроведување на активности од Програма за управување со отпадот	2.000.000,00	2017	151.680,00	1.848.320,00	7,58%
PA	17-PA.Набавка на садови за отпад – дел од Програма за управување со отпадот	7.700.000,00	2017	1.878.552,00	5.821.448,00	24.40%
PA	17-PA.Подигнување на нови зелени површини и уредување на запуштени зелени површини	2.000.000,00	2017	/	/	%
		15.550.000,00	**2017**	**4.612.240,00**	**10.937.760,00**	**29,66%**

Програмската реализација се извршуваше преку спроведување на следните активности:

- Во делот Анализи на квалитет на животната средина потрошените средства се за извршен мони средина.
- Во делот Кампања за подигнување на јавна свест за управување со отпадот – дел од Програма з 3 вида летоци за постапување со отпадот кои се дистрибуирани до граѓаните.
- Во делот за Набавка на материјал за хортикултурно уредување извршена е набавка на цветен расад, грмушести и дрвенести декоративни растенија за есенското и пролетното хортикултурно уредување на постоечките и новоформираните зелени површини.
- Во делот на Проектна документација за животна средина изготвени се: Стратегиски оцени за влијание врз животна средина на плански документи, во еколошкиот дел од постапката на изготвување и донесување на урбанистички планови за општината, Елаборати за заштита на животната средина за инфраструктурни објекти чиј инвеститор е општината.
  Изработен е План за квалитет на амбиентниот воздух на територијата на Општина Велес (2018-2020).
- При реализација на Програмата за управување со отпад трансферирани се средства на ЈКП Дервен за Надградба на системот за производство на електрична енергија за набавка на полнач на батериите за потребите на Собирниот центар за отпад од пакување. Реализирани се и средства за чистење на диви депонии во населените места и во урбаната средина.
- Во ставката Набавка на садови за отпад – дел од Програма за управување со отпадот извршена е набавка на 1900 стандардизирани канти за домаќинствата и 10 контејнери од 1,1м^3.

За реализацијата на проектите во 2017 година планирани се вкупно **15.550.000,00** денари, а потрошени се **4.612.240,00** денари.

Ако се споредуваат **само финансиските параметри**, односно висината на планирани и потрошени (платени) финансиски средства, тогаш реализацијата на Програмата во делот на заштита на животната средина изнесува **29,66%.**

3.7.К – Култура

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2017 година беше донесена во транспарентна постапка, во две фази, како нацрт и предлог документ. Вкупно планираните средства за 2017 година изнесуваа 34.020.800,00 денари. Од кои буџетски средста 18.860.000,00 од Министерството за култура 9.106.000,00 а 3.000.000,00 денари од др. извори и донации. Средствата од Министерството за култура во најголем дел се однесуваат на блок-дотациите наменети за локалните установи од областа на културата. Средствата од др. извори и донации се однесуваат на Питијадата.

Во текот на календарската година програмата претрпе две измени.Горе наведените износи се однесуваат на последната измена на програмата

Програмата за култура опфаќа седум дела: културни манифестации што се реализираат во текот на календарската година, поддршка на проекти, годишнини, инвестиции, поддршка на локални установи, трансфер на средства кон локалните културни манифестации и други расходи.

Најопсежен дел од Програмата е поглавјето **Манифестации.** Тука се опфатени културните манифестации од меѓународен, републички и локален карактер што ги реализира општинската администрација со помош на локалните установи под областа на културата, Организационите одбори на дел од културните

манифестации, како и граѓанските организации на кои општината им делегирала дел од надлежностите. Дел од манифестациите се еднократни, а повеќето се комплексни, обединуваат во себе повеќе уметности и се реализираат во времетраење од неколку дена. Такви се меѓународните фестивали, изложби, промоции, ликовната колонија, така што оваа бројка на културни настани е многу поголема и изнесува околу 140. За реализирање на културни манифестации во 2017 година потрошени се 13.059.364,00 денари, од предвидени 13.133.000,00.

Реализирани 4 меѓународни културни манифестации (Рацинови средби, Интернационален фолклорен фестивал „Велес", Интернационален фестивал за античка драма „Стоби", Сликарско-копаничарска колонија „Папрадишки мајстори") за чија реализација Советот на Општина Велес разгледуваше посебни извештаи.

Реализирани се повеќе **проекти** со здруженија на граѓани како Грнчарска работилница, Етно работилници во куќите на уметноста (грнчарска, столарска, ткајачка и работилница за изработка на накит), „Средби на Бошњаците", „Moto beach party", Баскерфест и тн.

За поддршка на ГО потрошени 951.861,00 односно овааа ставка е реализирана 95,18%.

Во делот **годишнини** на значајни личности и настани реализирани се бројни свеченост какао на пример 110 години од загинувањето на Јован Наумов Алабакот, 115 годуни од загинувањето на Петар Михов.

Од средствата предвидени во делот **годишнини** се покриваат и трошоците што произлегуваат од реализирање на програмата за обележување годишнини на значајни настани и личности за 2017 година.

Традиционална културна манифестации одржана во 2017 година што привлече најголемо внимание во јавноста е Питијадата – што се одржа на отворено. Овој фестивал на вино и велешка пастрмајлија беше вистински спектакл. Од оваа манифестација најголен бенефит имаат угостителски објекти и ресторaните во целиот град затоа што во овие три дена градот беше масовно посетен од граѓани од цела Македонија..

Во 2017 година по осми пат беше обележан и **патронот на Велес „Свети Пантелејмон", светец заштитник** што се слави на 9-ти август. И оваа година во соработка со Народниот музеј и Локалната библиотека Општина Велес реализираше бројни промоции на книги и изложби на македонски автори.

Начин на реализирање

Бидејќи основна цел на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на културата за 2017 година е обезбедување на активен однос на Општина Велес кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата, сочувување и афирмирање на културното наследство и идентитет на општината и презентирање и афирмирање на творците и интерпретаторите на културата, Општина Велес во реализирањето на програмата вклучи голем број граѓани, здруженија на граѓани и уметници од различни профили, а дел од надлежностите ги делегираше на граѓански организации.

Организирањето на културните манифестации, обезбедувањето на просторот, проектните активности, одржувањето на објектите сопственост на општината во кои се одржуваат културните настани ги обезбедува општинската администрација.

За реализација на програмата за култура за 2017 година потрошени се буџетски средства во износ од 15.007.449,00 денари или 61,62%. Ова пред се се должи на ефикасниот и домаќински однос во работата и успехот голем дел од манифестациите да се реализираат со помалку средства од планираните.

3.8. Л – Спорт и рекреација

Програмата од областа на спортот во 2017 година беше димензионирана на 18.530.000,00 денари и опфаќа:

I. Спортски манифестации
II. Поддршка на спортски сојузи
III. Поддршка на спортот во градот
IV. Инвестиции

Со оваа Програма поддржани се повеќе од 60 спортски настани, од кои дел со меѓународен карактер. Исто така дадена е поддршка на сите спортски сојузи, на клубови и поединци што даваат активен придонес за развој на спортот во Општина Велес.

И во 2017 година од оваа Програма беа обезбедени значителни средства за поддршка на активностите на спортски сојузи, поддршка на развојот на спортот во градот – за надомест за користење на спортски објекти за квалитетен спорт искористени се 11.457.419,00.денари, или 60,85%, со тоа што средствата за пристапни рампи набавка на спортси реквизити одржување на спортски игралишта велосипедски и мото натпревари уредување на велосипедска патека, реконскtрукција на Градски стадион и поставување на спортски терени не се искористени 100%.

За сочувување на континуитетот од областа на спортот за кој постои интерес кај граѓаните, спортистите и спортските организации, организирани се и реализирани одреден број на спортски и спортско-рекреативни манифестации од кои посебен интерес кај граѓаните предизвикаа турнирите во мал фудбал, спортската манифестација во боречки вештини, Вардарската регата „Гемиции“, меморијалните турнири во сите спортови, отворените забавни фудбалски школи и пливачкиот маратон што оваа година се оджа по четврт пат.

Со цел да се вклучат поголем број млади во спортскиот живот, Општината ги поддржува спортските сојузи и нивните активности. Во 2017 година финансиска поддршка добија Сојузот на училишен спорт 300.000,00 денари, Сојузот за спортска рекреација на инвалидизирани лица – 100.000,00 и Општинскиот фудбалски сојуз – 300.000,00 денари. Сите сојузи во своите програми за 2017 година реализираа спортски активности што опфаќаат голем број учесници од сите возрасти од обата пола. Она што ја карактеризира 2017 година во областа на спортот, е активностите на Училишните спортски клубови во сите општински основни и средни училишта и воспоставување на лига систем натпревари.

Сите планирани активности се реализирани со помош на несебичното залагање и волонтерската работа на спортските работници.

Средствата спортските екипи ги трошеа исклучиво наменски за плаќање надоместок за користење на спортските објекти, за подмирување на судиски и делегатски трошоци, за котизација за учество во лига и за патни трошоци на екипите. За начинот на трошење на средствата спортските организации поднесуваат наративен и финансиски извештај.

Од оваа Програма се финансира и Друштвото за спортски дејности Градски ракометен клуб „Борец“ АД Велес, како и Градски одбојкарски клуб „Борец“

3.9. В – Социјална заштита и заштита на децата

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2017 година, е димензионирана на 79.685.000,00 денари од кои 6.030.000,00 од Буџетот на Општина Велес, а останатите се блок-дотации од Министерството за труд и социјална политика и сопствени приходи на ОЈУ Детска градинка „Димче Мирчев".Програмата донесена е во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ. Во текот на календарската година претрпе две измени. Горе наведените износи се однесуваат на последната измена на програмата.

Средствата во Програмата се распределени на:
- Социјална поддршка на заедницата
- Општина по мерка на детето
- Лица со хендикеп
- Меѓуинституционална соработка
- Родова рамноправност
- Грижа за стари лица
- Меѓуопштинска соработка
- Инвестиции
- Трансфер на средства

Програмата за социјална заштита од година во година расте и по обем на активности иако надлежностите од оваа област сеуште во најголем дел не се облигаторни за локалната власт.

Голем дел од активностите се сведуваат на волонтерски активности и активности поврзани во образовните институции, ПЕ на министерствата и граѓанските организации.

Финансиска помош на членови на социјално загрозени семејства е реализирана со 97.845.00 денари, оваа се должи на фактот што поголем дел од календарската 2017 година заради изборни процеси имаше забрана за реализирање на средства од општи ставки.

Во Декадата на Роми се поддржуваат проекти на ГО, а континуирано веќе девета година се дава поддршка на проектот за инклузија на ромските деца во предучилишните установи. Проектот е проширен со опфаќање на поголем број на деца и обезбеден безплатен превоз за нив. Од Општина Велес, за оваа намена се издвоени 173.040,00 денари.

Од страна на Локалниот совет за превенција од детско престапништво реализиран е Акцискиот план за 2017 година. Информацијата за негова реализација обврска е на ЛСДП да ја достави до Советот на Општина Велес.

Она што ја обележа 2017 година во областа на социјалната заштита е активности по ЛАПЛИ. Стратегискиот документ ЛАПЛИ усвоен од Советот на Општина Велес со временската рамка од 2016-2020 година успешно се реализира. Преку низа активности се реализираат целите по секоја од приоритетни области. Оваа флексибилна мапа на локални политики изготвена со партиципативно учество на сите засегнати страни овозможи дизајнирање, рефокусирање и имплементација на планови, програми и иновативни форми за создавање услови за поквалитетни услуги и подобрени услови за живот на лицата со инвалидност.

Активност согласно Локалниот акциски план на инвалидни лица е одржување на адаптираното возило за инвалидни лица на Здружение Мобилност, во возна состојба. Адаптираното возило е донација од Дрекслмајер, на ЗГ „Мобилност". Подмирување на патни трошоци на ученици со потешка инвалидност реализирани средства согласно ЛАПЛИ 40.353,00 денари.

Поддршка на Здружение на слепи лица, за издавање на звучно списание „Зрак", наменето за слепи лица. Печатење на четири книги на Брајово писмо. Обележување на денот на белиот стап, Обележување на ден на аутизмот. За поддршка на здруженија на лица со хендикеп по птедлози од ГО реализирани се 219.000,00 денари.

Исто така дадена е финансиска поддршка на инвалидни лица и здруженија на инвалидни лица за вклучување и во општествениот живот, за учество на настани од социјален карактер (екскурзии, квизови ликовни работилници)

Во соработка со ОО Црвен крст со кој Општина Велес потпиша меморандум организирана крводарителска акција по повод 9 – ти Ноември Ден на Општина Велес, и други тековни активности.

Општина Велес учествува во партнерски проекти:

Во соработка со Агенција за вработување – Велес и општинските основни училишта „Васил Главинов" и Блаже Конески"го имплементираат проектот „Заедно под исто сонце" ,преку Програмата „Општинско - корисна работа" која е дел од поголемиот проект за оддржливи вработувања и се спроведува со поддршка на Агенција за вработување на Македонија и UNDP. Станува збор за активност која на долгорочно невработени лица им нуди шанса за социјална вклученост преку работно ангажирање со скратено работно време, со цел стекнување на одредени вештини за полесно и постепено вклучување на пазар на труд

Програмата Општинско- корисна има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено работно време, заради стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд. Програмата, исто така, има за цел преку обезбедување на услуги од социјални сфера да помогне на лица кои живеат на територијата на локалната самоуправа.

За проектот „Заедно под исто сонце" Општина Велес во соработка со АВРМ Центар за вработување Велес и ООУ „Васил Главинов" и ООУ „Блаже Конески" ангажира 8 лица како лични и образовни асистенти, кои ќе им помагаат на деца со попреченост во текот на наставниот процес, за полесно и подобро совладување на наставната програма и помош за полесно движење низ училиштето и обавување на културно - хигиенските потреби.

Единицата за локална самоуправа Велес како одговорен субјект во целост ги спроведува законските одредби и постапува согласно роковите и насоките за реализација на сите произлезени обврски за воспоставување еднакви можности и еднаков третман на жените и мажите во сите сфери на општественото живеење во Општина Велес. Во континуитет ги следи сите актуелни состојби, законски измени и дополнувања, иницира акции и ги имплементира работните обврски за родова рамноправност со сопствени средства од Буџетот на општината. Поддржува активности и ја инкорпорира родовата рамноправност преку реализација на Оперативниот план за еднакви можности и годишните програми.

Во соработка со граѓански организации преку реализација на партнерски проекти, Општина Велес од Буџетот за 2017 година има предвидено 400.000,000 за промовирање и реализирање активности за родова рамноправност.

Активности по Оперативен план за Родова еднаквост за 2017 година од предвидени 150.000,00 денари реализирани се 150.000,00 денари, од страна ОО на жени Велес по делегирана надлежност.

Во рамките на активностите реализирани се низа проектни активности во вид на советувалишта, едукативни трибини и работилници. Поддржани се национални

кампањи за справување со дискриминација и семејно насилство, еднакви можности и човекови права. Дистрибуирани се едукативни флаери и беџови за кампањи во повеќе ограноци на здружението во рурални средини во општината.

Исто така Општина Велес ја поддржа реализацијата на проектите:

- Семејни вредности;
- Заедно против родово базирано насилство;
- Еднакви можности за сите.

Во соработка со Здружението на пензионери дадена е поддршка на манифестации организирани за оваа категорија граѓани, и бесплатен јавен превоз за пензионерите еднаш во неделата, како и поддршка на активности согласно Локална Стратегија за стари лица Од предвидени 300.000,00 денари, реализирани се 185.480,00 денари.

Во 2017 година Процентот на реализација на Програмата за активностите на Општина Велес во областа на социјалната заштита за 2017 година изнесува 33,05%. Ова не значи дека активностите предвидени со Програмата не се реализирани. Напротив, ова се должи на претежно волонтерската и доброволна работа на граѓанскиот сектор, општинската администрација и поединци.

3.10. Н – Образование

Прогамата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2017 година е димензионирана на 391.505.889,00 денари. Најголем дел од овие средства се средства што ги трансферира Министерството за образование на име блок-дотации за средното и основното образование.

Од Буџетот на општината за активностите од оваа Програма одделени денари.15. 280.000,00

Програмата за образование за 2017 година содржи активности, поддршка на проекти, инвестиции, тековни работи и трансфер на средства. Овие поглавја опфаќаат: Прогласување на најдоби наставници во средно и основно образование и одделенска настава,
реализирање партнерски проекти со училиштата и граѓанските организации од областа на образованието, интервенции во училишните и спортски објекти и набавка на опрема во основните и средни училишта и тн.

Со оваа програма дадена е поддршка на талентираните ученици за учество на меѓународни натпревари и саемски манифестации.

Со оваа програма издвоени се средства за реконструкција на спортски објекти 1. 360 000 за реконструкција на училишни објекти..

Следејќи ги основните цели на програмата за активностите на Општина Велес во областа на образованието за 2017 година - обезбедување активен однос кон задоволувањето на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието, Општина Велес активностите поврзани со образованието ги предвиде и во другите програми. Така на пример во Програмата за култура голем дел од манифестациите се директно поврзани со учеството на учениците: Денови на пролетта, Априлијада, Велигденско јајце, Денот на Европа, Детските Рацинови средби, зачленувањето на првачињата во Светската детска организација и тн.

Во Програмата за спорт голем дел од активностите се поврзани со учениците од основното и средното образование како на пр. Лига систем натпреварите, Отворениот спортски ден итн.

Општина Велес во 2017 година преку Програмата за образование и Програмата за меѓународна соработка, а со поддршка на меѓународната заедница се

реализираше посета на средношколци од збратимената општина Шербур Октавиљ од Долна Нормандија, Република Фрамција

И оваа година сите училишта беа вклучени во акциите за пошумување, „Македонија без отпат", проектите за меѓуетничка интеграција во македонскиот образовен систем, „Отворете ги прозорците" – проект за работа со деца со посебни образовни потреби и користење на асистивна технологија, „инклузивно образование" и уште многу други во кои покрај учениците вклучени се и наставниот кадар, педогошко-психолошките служби и родителите се со цел да се подобри и осовремени образовниот процес.

Активностите во Програмата за образование во 2017 година реализирани се во процент од 20,46 %. Процентот на потрошени средства не ја отсликува реалната слика на вложените средства во оваа област затоа што активностите во областа на образованието се многу поголеми од планираните Ова се должи на реализирани проекти финансиски поддржани од Владата на Република Македонија и бројни домашни и меѓународни асоцијации и фондации.

3.11. Т-ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Програмата за активностите на Општина Велес во областа на здравствената заштита за 2017 година, е димензионирана на 6.260.000,00 донесена е во транспарентна постапка во две фази, како нацрт и предлог документ. Во текот на календарската година програмата претрпе две измени. Горе наведениот износ се однесуваат на последната измена на програмата.

Средствата во Програмата се распределени на:

- Превентивна здравствена;
- Општи мерки за заштита на населението од заразни болести;
- Промоција и едукација;
- Меѓуинституционална соработка;
- Бездомни животни

Во делот на превентивната здравствена заштита извршени се редовни санитарни и здравствени прегледи како на вработените во образованието, така и на вработените во општинската администрација и ТППЕ.

И оваа година е поддржан проектот на Друштво на родители за грижа за здраво поколение и Здружение на лица заболени од церебрална парализа за рехабилитација на деца од Велес, реализирани се 200.000,00 денари.

Во делот Општи мерки за заштита на населението од заразни болести преземени мерки за здравствената заштита и извршена е редовна дератизација, дезинфекција и дезинсекција на јавните површини и објекти во општина Велес, за што од предвидени 500.000 ден потрошени се 63.393 денари што се должи на поволната јавна набавка. Извршена е аеросолна дезинсекција и извршени се три авионски прскања за заштита од комарци:

- на 10 јуни 2017 година, прва аеросолна дезинсекција;
- на 24 јуни 2017 година, втора аеросолна дезинсекција;
- на 13 јули извршено и ларвицидно третирање против комарци;
- на 05 август 2017 година , трета аеросолна дезинсекција;

Од предвидени 1.500.000,00 денари реализирани 696.200,00 денари што се должи на поволна јавна набавка.

Во делот на промоција и едукација значајно место се отстапи на трибините. Општина Велес во соработка со Советот за јавно здравје и Центарот за јавно здравје - Велес, организираше здравствена едукација на учениците во основните и средни училишта.

Учениците беа едуцирани на следниве теми:

- Социјалните медиуми и нивните ефекти врз младите;
- Сексуално репродуктивно здравје и сексуално преносливи болести;
- Болести на зависност – алкохолизам, пушење и опојни дроги;
- Со правилна исхрана и физичка активност до поздрав живот за младата популација.

Во 2017 година се интезивизираа активности за изработка Национална стратегија Здравје 2020. Општина Велес беше една од носечките општини во изготвувањето на документот на Светска здравствена организација и Министерство за здравство. Исто така Советот за јавно здравје активно учествуваше во сите работилници организирани од страна на Светска здравствена организација и Министерство за здравство за зајакнување на интерсекторската соработка за здравје на локално ниво.

Во делот на Бездомни животни, поради алармантната ситуација со зголемениот број на бездомни кучиња - скитници општината донесе План за контрола на популацијата на бездомни кучиња на територијата на Општина Велес (2018-2020), истиот е одобрен од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Реализирани финансиски средства од програмата се 1.224.935, 00 денари или 24,70% меѓутоа дел од активностите се исплатени од програмата за комунални дејности затоа процентот не ја отсликува вистинската ефективност на реализација.

3.12. W – Противпожарна заштита

Со реализацијата на процесот на децентрализацијата во јули 2005 година и новите надлежности на локалната власт, работата и вработените во Територијалната противпожарна единица станаа дел од администрацијата на Општина Велес.

При пренесувањето на надлежностите од државно на локално ниво, Општина Велес презеде вкупно 25 пожарникари,а во текот на последниве три години година се пензионирани 7 лица.

Во согласност со Законот за пожарникарството („Службен весник на РМ“ бр.67/04. 55/13), средствата за плати и надоместоци за плати за вработените во Територијалната противпожарна единица се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, додека финансирањето на другите оперативни активности и тековно одржување се средства од Буџетот на Општина Велес. Но поради недостаток на средства од наменската дотација дел од платите се финансираат и од основниот Буџет на Општина Велес.

Противпожарната заштита е реализирана со 72,56 %,од кои за плати и надоместоци од плати се реализирани 9.642.688 денари односно 85,03%, додека за стоки и услуги (комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, поправки и редовно одржување на возилата, регистрација на возилата), или 934.893 денари односно 8,27 % од вкупно реализираните средства..

Во текот на 2017 година за набавка на опрема се потрошени се 396.834 денари Извршена е набавка на дел од потребната униформа и заштитна опрема на пожарникарите потребна при гаснење на пожар, а вршени се и редовни контроли на возилата и другата техничка опрема со цел да бидат подготвени за употреба во секое време за потребите на сите три општини на чија територија дејствуваат. Дел од опремата е доста стара, тешко се одржува, и ПП возилата скоро после секоја поголема интервенција се сервисираат. Во текот на 2017 година имаат 318

интервенции.Меѓутоа, и покрај се, вработените во ТППЕ Велес успеваат успешно да ги извршуваат своите работни обврски.

4. Детален извештај за трошење на буџетската резерва

Од вкупно планираните средства за тековни резерви во програма А0 - Совет на Општина, ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 1.000.000 и програма Д0-Градоначалник,ставка 413 - Тековни резерви (разновидни расходи) во износ од 600.000 денари, во 2017 година вкупно се потрошени 760.000 денари и тоа 430.000,00 од програма А0-Совет на општина Велес и 330.000 од програма-Д0-Градоначалник.

• Тековни резерви

Програма А0-Совет на Општина

1.Исплатени 300.000 на име помош поради пожар на куќи на следниве лица:

Илчо Тасков	60.000,00
Никола Иванов	60.000,00
Татјана Костовска	60.000,00
Петар Михајлов	60.000,00
Љуба Манева	60.000,00

2. Еднократен надомест од 30.000ден.на Дејан Стефановски за учество на меѓународен натпревар во Абу Даби.

3. Исплатени 50.000 ден. на Најдова Тања за лекување.

4. Исплатени 50.000 ден. за лекување на Костова Жаклина.

.Вкупно од Програмата А0- Совет на Општина од контото 413110-Тековни резерви (разновидни трошоци) се потрошени вкупно 430.000,00 денари.

Програма Д0-градоначалник

Исплата за смрт на член на потесно семејство

Име и презиме	Смрт на член на потесно семејство
Весна Баркова	15.000
Зоран Темелков	15.000
Ацо Петрушевски	15.000
Томислав Неделковски	15.000
Благојче Каракачанов	15.000
Пандора Босилкова	15.000
Гане Наумов	15.000
Лидија Арсова	15.000
Драги Коцевски	15.000
Марина Бојаџиева	15.000
Исмет Фазлиу	15.000
Снежана Хаџиева	15.000
Марјан Клифов	15.000
Јадранка Клифова	15.000
Васа Илиева	15.000
Александар Домазетов	15.000
Вкупно	**240.000**

Исплата за смрт на вработен

Реден број	Име и презиме	Смрт на вработен
1.	Љубица Трајковска	30.000
2.	Александар Јанев	30.000
3.	Весна Михајлова	30.000
	Вкупно	**90.000**

Од тековни резерви програма До- Градоначалник од контото 413110-Тековни резерви(разновидни расходи) - за смрт на член на потесно семејство и за смрт на вработени во буџетските установи се исплатени вкупно 330.000,00 денари.

Изјава од одговорен сметководител

Општина Велес води целосна и комплетирана , навремена , ажурна и хронолошка сметководствена евиденција на сите книговодствени настани.

Признавањето на приходите и другите приливи и расходите и другите одливи содржани во главната книга на буџетот се спроведува според начелото на парично искажување.

Целокупното финансово материјално работење за деловната 2017 година е засновано на веродостојни документи – влезни и излезни кои се предмет на книжење на главната книга .

Одделните расходни ставки кои се поминати преку трезорската книга се засновани на спецификации и договори согласно законот за јавни набавки.

Сите извештаи согласно законските прописи се потполни , точни и навремено доставени до надлежните институции.

Општина Велес
Одговорен сметководител

Оливера Чанева

БИЛАНСНИ ШЕМИ

Бр. 44

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изработка на документ ,,ВЕЛЕС – ПАМЕТЕН ГРАД” СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ 2018 - 2030

Се објавува Одлуката за изработка на документ, ,ВЕЛЕС – ПАМЕТЕН ГРАД” СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ 2018 – 2030,што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/3
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа на член 22 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09 ,18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седница одржана на ден 14.03.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за изработка на документ ,,ВЕЛЕС – ПАМЕТЕН ГРАД” СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ 2018 - 2030

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува изработка на документ ,„ВЕЛЕС – ПАМЕТЕН ГРАД” - СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ 2018 – 2030.

Член 2

За изработка на документот ,,ВЕЛЕС – ПАМЕТЕН ГРАД” - СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ 2018 – 2030 ќе биде ангажирана консултантска куќа која ќе работи заедно со избрани тимови од општината, граѓанскиот и бизнис секторот на креирањето на стратегијата.

Член 3

Нацрт верзијата на Документот ,,ВЕЛЕС – ПАМЕТЕН ГРАД” -СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ 2018 – 2030 ќе биде предмет на јавни расправи и консултации со граѓаните на Општина Велес

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/4
14.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 45

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за изработка на ПЛАН ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ НА ВЕЛЕС 2018 - 2030

Се објавува Одлуката за изработка на ПЛАН ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТНА ВЕЛЕС 2018 – 2030,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/4
14.03.2018 година
Велеs

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ бр 5/02), член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09 ,18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седница одржана на ден 14.03.2018 година, ја донесе следната

О Д Л У К А
за изработка на
ПЛАН ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ
НА ВЕЛЕС 2018 - 2030

Член 1

Со оваа Одлука се одобрува изработка на документ ПЛАН ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ НА ВЕЛЕС 2018 - 2030

Член 2

За изработка надокументот ПЛАН ЗА ОДРЖЛИВА УРБАНА МОБИЛНОСТ НА ВЕЛЕС 2018 - 2030 ќе биде ангажирана консултантска куќа која ќе работи заедно со избрани тимови од општината, граѓанскиот и бизнис секторот на креирањето на планот.

Член 3

Нацрт верзијата на Планот за одржлива урбана мобилност на велес 2018 - 2030 ќе биде предмет на јавни расправи и консултации со граѓаните на Општина Велес.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/5
14.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 46

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за основање
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Се објавува Одлуката за основање на јавно претпријатие за енергетика,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/5
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ” бр.5/02), член 9 и член 10 од Законот за јавните претпријатија („Сл. весник на РМ” бр. 38/96, 09/97, 06/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), член 4 и 7 од Законот за енергетика („Сл. весник на РМ” бр. 16/11, 136/11, 75/13, 79/13, 164/13, 41/14, 55/14, 92/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 06/16, 53/16, 189/16) и член 45, став 1 од Статутот на Оштина Велес („Сл.гласник на Општина Велес” бр. 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОСНОВАЊЕ ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ЗА ЕНЕРГЕТИКА

Член 1

Со оваа Одлука Општина Велес основа јавно претпријатие за вршење на енергетски дејности од јавен интерес од локално значење за Општината и тоа: дистрибуција на природен гас; управување со системот за дистрибуција на природен гас и снабдување со природен гас на тарифни потрошувачи приклучени на системот за дистрибуција на природен гас.

Член 2

Називот на јавното претпријатие гласи: Јавно претпријатие за енергетика „ВЕЛЕС -ГАС, Велес (во натамошниот текст: Претпријатие).
Скратениот назив на Претпријатието гласи: ЈП „ВЕЛЕС - ГАС“, Велес.

Член 3

Седиштето на претпријатието е во Велес на ул.„Панко Брашнар“ бр. 1

Член 4

Претпријатието ќе ги врши енергетските дејности од јавен интерес од локално значење за градот утврдени со закон, а согласно Националната класификација на дејности –НКД, 35.2. Производство на гас, дистрибуција на гасовити горива преку дистрибутивни системи, особено:

35.22 Дистрибуција на гасовити горива преку дистрибутивните системи;

35.23 Трговија на гас преку дистрибутивните системи;

Субјектот ќе врши дејности во надворешно – трговскиот промет. Претежната дејност на претпријатието е: „35.22 Дистрибуција и трговија на гасовити горива преку дистрибутивна мрежа".

Дејностите од став 1 на овој член се вршат врз основа на лиценца издадена од Регулаторната комисија за енергетика, а во согласност со законот.

Дејностите од став 1 на овој член се дејности од јавен интерес.

Член 5

Претпријатието има својство на правно лице и за преземените обврски во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот. Претпријатието со својство на правно лице се стекнува со денот на уписот во трговскиот регистар.

Член 6

Претпријатието не може да врши промена на дејноста од член 4 на оваа Одлука, промена на статусот, називот и седиштето, без претходна согласност на основачот.

Член 7

Почетните средства за работа на претпријатието, во износ од 300.000,00 денари, се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес.

Основачот ќе изврши дополнителни вложувања во претпријатието, доколку има потреба за тоа. Понатаму во текот на своето работење средствата за вршење на дејноста, претпријатието ќе ги обезбедува преку давање на услугите од дејноста за кое е основано, како и од средства на основачот, како и од други средства согласно закон.

Член 8

Претпријатието е во целосна сопственост на Општина Велес.

Член 9

Претпријатието има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за јавните претпријатија.

Во правниот промет со трети лица претпријатието истапува во свое име и за своја сметка.

За сторените обврски во правниот промет со трети лица претпријатието одговара со сиот свој имот.

Член 10

Претпријатието е должно да се придржува кон програмата со која се планира за развојот и финансирање на дејноста енергетика.

Член 11

Управувањето со претпријатието, спроведувањето на одлуките на органите на управување и работењето на јавното претпријатие, се врши во согласност со Законот за јавните претпријатија, други закони, оваа Одлука и Статутот на претпријатието.

Претпријатието своето материјално-финансиско работење ќе го води според финансиските и сметководствените правила и стандарди на трговските друштва и според меѓународните сметководствени стандарди.

Годишната сметка и финансискиот извештај на претпријатието подлежат на ревизија од страна на независна ревизорска куќа.

Член 12

Органи на претпријатието се Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење (во натамошен текст: надзорен одбор) и директор.

Член 13

Управниот одбор на претпријатието се состои од 5 (пет) члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Велес.

Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години.

Член 14

Надзорниот одбор на претпријатието се состои од 5 (пет) члена кои ги именува и разрешува Советот на Општина Велес.
Мандатот на членовите на надзорниот одбор трае 4 години

Член 15

Со работата на претпријатието раководи директор што го избира и разрешува Градоначалникот на Општина Велес, врз основа на јавен конкурс.

Директорот го претставува и застапува претпријатието.

Член 16

Со Статутот на претпријатието поблиску ќе се уреди организацијата и раководењето на Јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивното донесување и извршување како и други прашања од значење на претпријатието.

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на претпријатието ќе се утврдат со Статутот, во согласност со закон.

Член 17

Градоначалникот ќе овласти лице од општинската администрација да ги води работите на претпријатието се до негово конституирање и поднесе пријава за регистрација на претпријатието пред надлежниот регистарски орган.

Член 18

Претпријатието се организира на начин со кој се обезбедува најоптимално вршење на дејноста за која се основа. Претпријатието може да основа и подружница согласно потребите и дејноста.

Внатрешната организација поблиску ќе се уреди со посебен акт на претпријатието.

Член 19

Статутот на претпријатието ќе се донесе и именувањето на органите на претпријатието ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на уписот во Централниот регистар, а другите акти ќе се донесат во рок од 60 дена од донесувањето на Статутот.

Член 20

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Сл. гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/6
14.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 47

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за основање на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта

Се објавува Одлуката за основање на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/6
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 5/02), член 9 и член 10 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96, 09/97, 06/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 06/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16), член 5 став 1 од Законот за комунални дејности („Сл. весник на РМ" број 95/12, 163/13, 42/14, 44/15, 147/15 и 31/16), а во врска со член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за основање на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта

Член 1

Со оваа Одлука се основа јавно претпријатие за одржување и користење на јавниот простор за паркирање и давање соодветни услуги, се утврдува дејноста на Јавното претпријатие, основните услови и начинот на вршењето на дејноста за која се основа, начинот на финансирање и други прашања од значење на јавното претпријатие.

Член 2

Називот на Јавното претпријатие гласи: Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „Велес-Паркинг", Велес(во понатамошниот текст:претрпијатието).

Скратениот назив на претпријатие гласи: ЈП „Велес-Паркинг" Велес.

Член 3

Седиштето на јавното претпријатие е во Велес, на ул.„Панко Брашнар" бр.1

Член 4

Претпријатието ќе ги врши комуналните дејности од јавен интерес од локално значење за градот утврдени со закон и тоа: одржување и користење на јавниот простор за паркирање, остранување и чување на хаварисани возила, одржување на хоризонтална и вертикална сигнализација и одржување на јавното осветлување, а согласно Националната класификација на дејности :НКД,

– 52.2 Придружни дејности во превозот, односно:

52.29 – останати придружни дејности во превозот.

Член 5

Претпријатието има својство на правно лице и за преземените обврски во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот. Претпријатието со својство на правно лице се стекнува со денот на уписот во трговскиот регистар.

Член 6

Претпријатието не може да врши промена на дејноста од член 4 на оваа Одлука, промена на статусот, називот и седиштето, без претходна согласност на основачот.

Член 7

Почетните средства за работа на претпријатието, во износ од 300.000,00 денари, се обезбедуваат од Буџетот на Општина Велес.
Основачот ќе изврши дополнителни вложувања во претпријатието, доколку има потреба за тоа.
Понатаму во текот на своето работење средствата за вршење на дејноста, претпријатието ќе ги обезбедува преку давање на услугите од дејноста за кое е основано, како и од средства на основачот, како и од други средства согласно закон.

Член 8

Претпријатието е во целосна сопственост на Општина Велес.

Член 9

Претпријатието има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за јавните претпријатија.

Во правниот промет со трети лица претпријатието истапува во свое име и за своја сметка.

За сторените обврски во правниот промет со трети лица претпријатието одговара со сиот свој имот.

Член 10

Претпријатието е должно да се придржува кон програмата со која се планира за развојот и финансирање на дејноста.

Член 11

Управувањето со претпријатието, спроведувањето на одлуките на органите на управување и работењето на јавното претпријатие, се врши во согласност со Законот за јавните претпријатија, други закони, оваа Одлука и Статутот на претпријатието.

Претпријатието своето материјално-финансиско работење ќе го води според финансиските и сметководствените правила и стандарди на трговските друштва и според меѓународните сметководствени стандарди.

Годишната сметка и финансискиот извештај на претпријатието подлежат на ревизија од страна на независна ревизорска куќа.

Член 12

Органи на претпријатието се Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално - финансиското работење (во натамошен текст: надзорен одбор) и директор.

Член 13

Управниот одбор на претпријатието се состои од 5 (пет) члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Велес.
Мандатот на членовите на Управниот одбор трае 4 години.

Член 14

Надзорниот одбор на претпријатието се состои од 5 (пет) члена кои ги именува и разрешува Советот на Општина Велес.

Мандатот на членовите на надзорниот одбор трае 4 години.

Член 15

Со работата на претпријатието раководи директор што го избира и разрешува Градоначалникот на Општина Велес, врз основа на јавен конкурс.

Директорот го претставува и застапува претпријатието.

Член 16

Со Статутот на претпријатието поблиску ќе се уреди организацијата и раководењето на Јавното претпријатие, општите акти и постапката за нивното донесување и извршување како и други прашања од значење на претпријатието.
Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на претпријатието ќе се утврдат со Статутот, во согласност со закон.

Член 17

Градоначалникот ќе овласти лице од општинската администрација да ги води работите на претпријатието се до негово конституирање и поднесе пријава за регистрација на претпријатието пред надлежниот регистарски орган.

Член 18

Претпријатието се организира на начин со кој се обезбедува најоптимално вршење на дејноста за која се основа. Претпријатието може да основа и подружница согласно потребите и дејноста.

Внатрешната организација поблиску ќе се уреди со посебен акт на претпријатието.

Член 19

Статутот на претпријатието ќе се донесе и именувањето на органите на претпријатието ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на уписот во Централниот регистар, а другите акти ќе се донесат во рок од 60 дена од донесувањето на Статутот.

Член 20

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Сл. гласник на Општина Велес”.

Број 25-1338/7
14.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 48

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместокот за одржување на јавната чистота

Се објавува Одлуката за утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместокот за одржување на јавната чистота,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/7
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 24 од Законот за јавна чистота („Сл. весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 47/12, 80/12, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), а согласно член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на висината и начинот на плаќање на надоместокот за одржување на јавната чистота

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за одржување на јавната чистота, начинот на плаќање и намената на средствата од надоместокот (во понатамошниот текст: надоместок).

Член 2

За одржувањето на јавната чистота се плаќа надоместок.

Надоместокот ќе го плаќаат домаќинствата и правните субјекти како корисници на јавните површини.

Член 3

Висината на надоместокот се пресметува со мерна единица - м2(метар квадратен) покриен станбен или деловен простор и изнесува:

- за домаќинства и правни лица – 0,50ден/м2покриен станбен или деловен простор.

Член 4

Наплатата на надоместокот за одржување на јавната чистота ќе ја врши ЈКП "Дервен".

Надоместокот за одржување на јавната чистота ќе биде прикажан одвоено во месечните сметки за комунални услуги.

Член 5

Средствата собрани од надоместокот се приход на Буџетот на Општина Велес за кои ЈКП Дервен е должен да врши месечен трансфер на наплатените средства.

Пристигнатите средства по овој основ општината е должна да ги намени за реализирање на Годишната програма за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува од 01.04.2018 година.

Број 25-1338/8
14.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 49

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за престанок на важност на Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- „Рацинови средби“

Се објавува Одлуката за престанок на важност на Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- „Рацинови средби“,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/8
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1,точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ 12/06,3/09,18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за престанок на важност на Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес во областа на културата- „Рацинови средби“

Член 1

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за делегирање на дел од надлежностите на Општина Велес за културната манифестација „Рацинови средби“ 27-1080/8 од 13.02.2015 година. („Службен гласник на Општина Велес“ бр.2/15).

Член 2

Културната манифестација „Рацинови средби“ ќе ја реализира Организациски одбор составен од претседател и (4) четири члена.

Организацискиот одбор го именува Советот на Општина Велес, а мандатот на членовите на одборот е две години.

Член 3

Организацискиот одбор го сочинуваат претставници од Општина Велес и истакнати личности од областа на литературата и книжевната наука од Велес и Република Македонија.

Член 4

Организацискиот одбор работи согласно Правилникот за начинот и постапката за реализирање на културната манифестација „Рацинови средби“.

Член 5

Средствата потребни за реализирање на Културната манифестација „Рацинови средби“ се обезбедуваат од :

- Буџетот на Општина Велес
- Министерство за култура
- Други извори

Член 6

Административно-техничките и материјално-финансиските работи на Културната манифестација „Рацинови средби“ ги извршуваат стручните служби на Општина Велес.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“

Број 25-1338/9
14.03.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 50

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување начин на времено користење административни и деловни простории од објектии објекти сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање

Се објавува Одлуката за утврдување начин на времено користење административни и деловни простории од објектии објекти сопственост на Општина Велеспо пат на електронско јавно наддавање, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/9
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10, а во согласност со член 64, став 3 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) член 3 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на РМ“ бр. 8/2005, 150/2007, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13 и 27/14,180/14 и 42/15)и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06,13/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, ја донесе следнава

О Д Л У К А
заутврдување начин на времено користењеадминистративни и деловни простории од објектии објекти сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува начинот на времено користење административни и деловни простории од објекти и објектикои се восопственост на Општина Велес, по пат на електронско јавно наддавање, согласно имотениот лист за објектот.

Член 2

Административните и деловните простории од објектите утврдени во член 1 на оваа Одлука, се евидентирани, нумерирании одбележаникако етажни корисни површини, во повеќе имотни листови кои се во сопственост на Општина Велес.

Член 3

Административните и деловните простории од објектитеќе се издаваат под закуп по цена на чинење по м2,според местоположбата и површината, во постапка по пат на јавно наддавање, преку систем на електронско јавно наддавање.

Почетната цена на закуп на просторииите/објектот ќе биде утврдена со процена на недвижноста согласно Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот, донесена врз основа на Законот за процена.

Член 4

Издавањето под закуп на административни и деловни простории од објекти и објекти сопственост на Општина Велес ќе се спроведува согласно Закон за користење иарасполагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, а ќе го врши Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Велес.

Член 5

Општина Велес ќе ги издава под закуп административните и деловни простории од објект и објектите на времено користење за време до 3 години, со намена утврдена од страна на Комисијата, која ќе врши спроведување на постапката за издавање под закуп на просторииите.

Намената ќе биде утврдена во зависност од местоположбата на просторијата, квадратурата, уреденоста, и другите услови кои ги има просторијата.

Член 6

За начинот на користење и располагање со просторииите/објектите од недвижниот имот кои се даваат под закуп, од страна на сопственикот Општина Велес, ќе биде потпишан договор за правата и обврските на двете договорни страни.

По предлог на Комисијата за недвижни и движни ствари сопственост на Општина Велес по спроведената постапка за јавно наддавање, Градоначалникот на Општина Велес ги склучува договорите со корисниците.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/10
14.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 51

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука заотпочнување со работа и вршење на дејноста наЈавната општинска установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев" Велес, во други просторни услови

Се објавува Одлуката за отпочнување со работа и вршење на дејноста наЈавната општинска установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев" Велес, во други просторни услови, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/10
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр.05/2002"), член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес(„Службен. гласник наОпштина Велес"12/06,3/09,18/10 и 15/14) а во врска со член 102-а став 3 од Законот за заштита на децата („Службен Весник на РМ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 28/17, 163/17 и 21/18),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2018 година донесе:

О Д Л У К А
за отпочнување со работа и вршење на дејноста наЈавната општинска установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев" Велес, во други просторни услови

Член 1

Одлуката се донесува за отпочнување со работа и за вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев" Велес, во новиот објект во општина Чашка лоциран на ул. „8-ми Септември" бб населба Чашка, општина Чашка, во состав на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „Димче Мирчев " Велес.

Член 2

Во објектот ќе се спроведува програма за рано учење и развој.

Според времетраењето програмата ќе се остварувавоцелодневен престој на децата.

Згрижувањето и воспитанието на децата ќе се реализира во 2 (две) групи од 2 (две) до 6 (шест) годишна возраст,односно до вклучување во основно образование, до 50 деца.

Член 3

Назив на објектот е „Објект 8 – Бамби"исе наоѓа во населба Чашка, општина Чашка.

Член 4

Дејноста на детската градинка е: Згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст која се организира за згрижување, престој, нега, исхрана, воспитно - образовни, спортско - рекреативни, културно-забавни активности, мерки и активности за подобрување и зачувување на здравјето и за поттикнување на интелектуалниот, емоционалниот, физичкиот, менталниот и социјалниот развој на детето до 6 години живот, односно до вклучување во основното образование.

Член 5

За реализација на програмата за рано учење и развој ќе се обезбеди кадар согласно Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на РМ бр. 28/14, 40/14,136/14 и 71/15").

Член 6

Средства за основање, почеток со работа и за непречено и нормално функционирање, на ЈОУ за деца - Детска градинка „Димче Мирчев" Велес во други просторни услови, во новиот објект во населба Чашка, општина Чашка, ќе се обезбедат од

Буџетот на Република Македонија преку блок дотации, од надоместокот на корисниците на услугата, донации и други извори на финансирање согласно закон.

Член 7

Општина Велес како основач на ЈОУДГ „Димче Мирчев“ ќе ги преземе сите потребни активности утврдени во законските и подзаконските акти, со цел добивање на решение од Министерството за труд и социјална политика за отпочнување со работа на објектот.

Член 8

Директорот на ЈОУДГ „Димче Мирчев“општинаВелес се обврзува да ги преземе сите потребни активности, согласно законските и подзаконските акти, со цел усогласување на актите на градинката, поради отпочнување со работа на новиот објект.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Велес“.

Број 25-1338/11
14.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 52

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д1 (Парковско зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д1 (Парковско зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/11
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа начлен 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 3 став 2 одПравилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14,64/15, 217/15 и 52/16),и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д1 (Парковско зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба за пренамена на површина со класа на намена Д1 (Парковско зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес и тоа:

1.КП бр.16682/2 за КО Велес;

Член 2

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена индустрија во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес бр. 25-4064/4 од 20.09.2017 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/12
14.03.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 53

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена индустрија во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена индустрија во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/12
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа начлен 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 2 став 1 одПравилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14,64/15, 217/15и 52/16),и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена индустрија во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба за пренамена на површина со класа на намена индустрија во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес и тоа:

1. КП бр.16418 за КО Велес
2. КП бр. 16417/1 за КО Велес

Член 2

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена индустрија во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес бр. 25-4064/5 од 20.09.2017 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/13
14.03.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 54

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена образование во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена образование во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/13
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р

Врз основа начлен 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 2 став 1 одПравилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14,64/15, 217/15и 52/16),и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена образование во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба за пренамена на површина со класа на намена образование во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес и тоа:

1. КП бр.16577 за КО Велес

Член 2

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена образование во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес бр. 25-4064/6 од 20.09.2017 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/14
14.03.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 55

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/14
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа начлен 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 3 став 2 одПравилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14,64/15, 217/15 и 52/16),и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Велес и тоа:

1. КП бр.16492 за КО Велес;

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/15
14.03.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 56

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/15
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02),член 2 став 2 одПравилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14 и 64/15),и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени во КО Велес

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба од донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на катастарски парцели во опфат на КО Велес со намена А1-домување семејни куќи во една урбанистичко планска документација и тоа:

1.КП бр.11310/за КО Велес
2. КП бр. 11198/1за КО Велес
3. КП бр. 12487 и КП бр. 12485 за КО Велес

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/16
14.03.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 57

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Г2 (лесна индустрија), Г3 (сервиси) и Г4 (стоваришта) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Башино Село

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Г2 (лесна индустрија),), Г3 (сервиси)

и Г4 (стоваришта) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Башино Село, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/16
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа начлен 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 3 став 2 одПравилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14,64/15, 217/15 и 52/16),и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Г2 (лесна индустрија), Г3 (сервиси) и Г4 (стоваришта) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Башино Село

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба за пренамена на површина со класа на намена Г2(лесна индустрија), Г3(сервиси) и Г4 (стоваришта) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Башино село и тоа:

1.КП бр.1159 за КО Башино село;

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/17
14.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 58

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Башино Село

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Башино Село,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/17
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа начлен 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 3 став 2 одПравилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14,64/15, 217/15 и 52/16),и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Башино Село

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1

(Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Башино село и тоа:

1.КП бр.1424/1 за КО Башино село;

Член 2

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Башино Село бр. 25-4064/7 од 20.09.2017 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/18
14.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 59

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Иванковци

Се објавува Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Иванковци, што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/18
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа начлен 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр. 5/02), член 3 став 2 одПравилникот за стандарди и вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација(„Сл.весник на РМ бр.56/11,162/12,95/13,109/14,64/15, 217/15 и 52/16),и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Иванковци

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес утврдува потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Иванковци и тоа:

1. КП бр.1475/3 за КО Иванковци;

Член 2

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Д2 (заштитно зеленило) во класа на намена А1 (Домување во станбени куќи) заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени во КО Иванковци бр. 25-4064/8 од 20.09.2017 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/19
14.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 60

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за откажување од корисничко право од недвижен имот за КО Караслари

Се објавува Одлуката за откажување од корисничко право од недвижен имот за КО Караслари,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/19
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 79 став 1 од Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Сл. весник на РМ" бр. 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 19.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за откажување од корисничко право од недвижен имот за КО Караслари

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес се откажува од корисничкото право од недвижен имот, прибележано на КП бр.291/1, евидентирано во Имотен лист бр.66 за КО Караслари.

Член 2

Откажувањето на корисничкото право претставува основ за бришење на корисничкото право од имотен лист ослободување од товар, со цел непречено продолжување на постапката за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/20
14.03.2018 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 61

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за откажување од корисничко право од недвижен имот за КО Мамутчево

Се објавува Одлуката за откажување од корисничко право од недвижен имот за КО Мамутчевошто Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/20
14.03.2018 годинана
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 79 став 1 од Закон за приватизација и закуп на градежно земјиште во државна сопственост ("Сл. весник на РМ" бр. 4/05, 13/07, 165/08, 146/09, 18/11, 51/11, 27/14, 144/14, 72/15, 104/15, 153/15, 23/16), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл. весник на РМ" бр. 5/02) и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, донесе

О Д Л У К А
за откажување од корисничко право од недвижен имот за КО Мамутчево

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Велес се откажува од корисничкото

право од недвижен имот, прибележано на КП бр.1535, евидентирано во Имотен лист бр.98 за КО Мамутчево.

Член 2

Откажувањето на корисничкото право претставува основ за бришење на корисничкото право од имотен лист ослободување од товар, со цел непречено продолжување на постапката за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-1338/21
14.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 62

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување Годишен план за вработување во Општина Велес и ТППЕ за 2018 година

Се објавува Заклучокот за донесување Годишен план за вработување во Општина Велес и ТППЕ за 2018 година, што Советот на Општина Велес го донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/21
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 20-б став 1 алинеја 3 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Р.М“ бр.27/14,199/14, 27/16 и 35/18), член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 45 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09,18/10 и 15/14)

Советот на Општина Велес на 12-та седница одржана на 14.03.2018година, донесува

З А К Л У Ч О К
за донесување Годишен план за вработување во Општина Велес и ТППЕ за 2018 година

1.Советот на Општина Велес дава согласност за донесување на Годишниот план за вработување во Општина Велес и ТППЕ за 2018 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службенгласник на Општина Велес“.

Број 2**5-**1338**/**22
14.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 63

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програма за управувањесо отпад на територијата на Општина Велесза 2017 година

Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програма за управувањесо отпад на територијата на Општина Велесза 2017 година,што Советот на Општина Велес го донесе наседницата одржана на 14.03.2018 година.

Број 08-1339/22
14.03.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06,3/09, 18/10 и 15/14),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 14.03.2018 година донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програма за управувањесо отпад на територијата на Општина Велесза 2017 година

1.Советот на Општина Велес го усвои Годишниот извештај за спроведување на Програма за управувањесо отпад на територијата на Општина Велесза 2017 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службенгласник на Општина Велес".

Број 25-1338/23
14.03.2018 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за управување со отпадот ("Сл. весник на РМ" бр.68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 82/09, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, 39/16, 63/16), член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09 и 18/10),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 14.03.2018 година, усвои
ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ВЕЛЕС ЗА 2017 ГОДИНА

Годишниот извештај за спроведување на Програмата за управување со отпад го опфаќа периодот јануари-декември 2017 година.
Општина Велес во соработка со ЈКП Дервен ги реализираше активностите согласно утврдените активности во Програмата за управување со отпад за 2017г.

Годишниот извештај опфаќа активности финансирани преку сопствени средства од Буџетот на Општина Велес со средства од Програмата за активностите на Општина Велес во областа на заштитата на животната средина за 2017г., како и сопствени средства на ЈКП Дервен.

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМСКИ ОБЛАСТИ

V.1 ИНТЕРВЕНЦИЈА ВО СИСТЕМОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН, КОМЕРЦИЈАЛЕН И ИНДУСТРИСКИ НЕОПАСЕН ОТПАД

Задача 1: Набавка и одржување на садови за отпад

- Се изврши набавка на 10 нови контејнери од 1,1м3за поставување на јавните површини, како и за правни лица кои создаваат поголеми количини на отпад.

- Репарирање и фарбање на контејнери
Согласно Одлуката за постапување со комунален,комерцијален и другите видови неопасен отпад на територијата на Општина Велес, ЈКП Дервен како давател на услугата за собирање,транспортирање и депонирање на отпад,должен е да врши одржување, репарирање, поправка и фарбање на контејнери за отпад по потреба, се со цел контејнерот да ја врши функцијата и да не ја нагрдува околината.
Во текот на 2017г превземени се активности околу одржување на контејнери од 5м³ и 1.1 м³.
Заварување на капаци направено е вкупно на 50 контејнери од 1,1 м³.

Комплетно репарирање и фарбање направено е на 6 контејнери од 5м³.

Репарирање на контејнери од 1.1 м³(со фарбање) направено е на 61 контејнер и најчесто ги опфаќа следниве операции: исправање на страни на контејнери,заварување на држачи на тркалца,заварување на држачи за кипање и друго.

- Замена на тркалца на контејнерите
Заменети се вкупно 132 тркалца на контејнерите од 1,1м³ согласно следната табела:

Табела 1. Преглед на локации на контејнери со заменети тркалца

Ред. број	Име на улица	Број на тркалца со кочници	Број на тркалца без кочници
1	Благој Ѓорев	9	20
2	Лазо Осмаков	2	10
3	Архангел Михаил	2	4
4	Христо Татарчев	1	5
5	Димитар Влахов	/	7
6	8-ма Велешка	1	5
7	Димко Најдов	1	3
8	Тодор Христов Офицерчето	/	3
9	Христо Узунов	1	/
10	Страшо Пинџур	1	3
11	Кирил и Методиј	1	4
12	Методија Андонов Ченто	3	5
13	Алексо Демниевски	2	4
14	Наум Наумовски Борче	1	2
15	11-ти Октомври	2	4
16	Ѓоре Органџиев	/	1
17	Оливер Китановски	/	1
18	Никола Оровчанец	1	1
19	Кумановска	/	3
20	Илинденска	2	1
21	8-ми септември	1	3
22	Петре Прличков	1	1
23	Невена Георгиева Дуња		10
	вкупно	32	100

Споредба на бројот на заменети тркалца на контејнерите од 1.1м³ за 2013, 2014, 2015, 2016г. и 2017г. е дадена во сладната:

Табела бр.2 Број на заменети тркалца по години

година		**број на тркалца**
1	2013	309
2	2014	375
3	2015	197
4	2016	140
5	2017	132

Од бројките дадени во Табела 2 може да се види дека во однос на предходните години, во 2017г. заменети се значително помал број на тркалца.

-Перење на контејнери

Поради порастот на температурите, со цел да се одржи чистотата на садовите и да се спречи ширењето на непријатна миризба од 01 април-31 октомврисекоја година се врши перење на контејнерите од 1,1м³ и 5м³.

Локации каде што се вршеше често перење на контејнерите се:

- градските пазари,
- ул. Христо Татарчев (поради густата населеност, училиште, ученички дом),
- ул.Тодор Христов Офицерчето (детска градинка),
- ул.Страшо Пинџур (Народна кујна),
- ул. Благој Ѓорев (Нов театар),
- ул. 8-ми Септември
- ул. Димитар Влахов,
- ул.Петре Прличко,
- ул. Архиепископ Михаил,
- ул. Кирил и Методиј.

Во текот на 2017г. извршени се вкупно 695 перења на контејнери, од кои 515 на контејнери од 1.1 м³ и 180 на контејнери од 5м³.

За разлика од 2016г. бројот на перења е зголемен за 223.

Задача 2: Набавка на стандардизирани канти за 1860 домаќинства

Се изврши набавка на стандардизирани канти за 1.860 домаќинства и тоа: 1000 зелени канти за комунален отпад и 860 жолти канти за селектиран отпад, се избраа улици во градот за дистрибуција на канти.

Во текот на акцијата на граѓаните заедно со садовите им се поделија и 2 вида на информативни летоци (Упатство за користење на кантите за комунален и Упатство за користење на кантите за селектиран отпад) преку кои тие се информираа за начинот на постапување со садовите, нивните права и должности во постапувањето со отпадот кој го создаваат.Поделбата на 860 жолти канти предстои во 2018г.

Злени канти се поделија на домаќинства и на правни лица со кои ЈКП Дервен има склучено договор за постапување со комунален/комерцијален отпад, а согласно следните табели:

Табела 3. Дистрибуција на зелени канти од 120л. за комунален отпад

Ред Бр.	Име на улица	Поделени канти
1	Вера Цировири	184
2	Благој Абрашев	19
3	Орце Мартинов	69
4	Никола Оровчанец	34
5	Академик Пенчо Давчев	4
6	Скопска	10
7	Кукушка	36
8	Рилски Конгрес	80
9	Благој Нечев	73
10	Лазо Трпковски	52
11	Вардарска	28
12	Самоборска	7
13	Ѓорѓи Војтех	14
14	Ѓоре Органџиев	27
15	Страшо Пинџур	16
16	Скопски пат	9
17	Трајко Панов	19
18	Васил Илъоски	9
19	Тодорче Николовски	49
20	Благој Ѓорев	12
21	Речани	17
22	Правни субјекти	50
23	Други улици од 2016г. неподелени	15
24	Украдени	9
25	Неподелени канти (во магацин)	158
	ВКУПНО	**1000**

Табела 4. Дистрибуција на зелени канти неподелени од улиците во 2016г.

Ред Бр.	Име на улица	Поделени канти
1	Партение Зоографски	1
2	Белградска	4
3	Крсте Мисирков	1
4	Кузман Јосифовски Питу	1
5	Васил Главинов	1
6	Димитар Влахов	1
7	Павел Шатев	1
8	Браќа Капчеви	1
9	Мите Богоевски	1
10	Костурска	3
	ВКУПНО	**15**

Табела бр.5 Дистрибуција на зелени канти кај правни субјекти

Ред Бр.	Име на правен субјект	Поделени канти
1	РЕ Пазари	10
2	ООУ Блаже Коневски	5
3	Сеива (миг)	1
4	Сирмес	1
5	КПУ Идризово(Долно Оризари)	3
6	Никола Оровчанец(згради)	3
7	8ми Септември	11
8	Аркадија	4
9	Вечен Дом	1
10	Ѓорги Војтех (згради)	7
11	Хемомак пестициди	2
12	Црква Св. Кирил и Методиј	2
	ВКУПНО	**50**

Задача 3: Постапување со искористени /отпадни батерии

Од основните училишта и општината во 2017г. се собрани вкупно 40кг. отпадни батерии.

Задача 4 : Постапување со електричен и електронски отпад (ОЕЕО)

Согласно Одлуката за управување со отпадна електрична и електронска опрема од домаќинствата на територијата на Општина Велес, овластен собирач на отпадна електрична и електронска опрема од домаќинствата на територијата на Општина Велес е ЈКП Дервен.Со цел организирање на системот тој врши превземање, собирање, транспортирање, складирање во посебно депо и предавање на ОЕЕО на колективен постапувач НУЛА ОТПАД ДОО Скопје, кој има добиено Дозвола за вршење на дејност складирање и третман на отпад, од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Оваа година се продолжи со воспоставените активности во 2016г. за постапување со отпадот согласно обврските за што постои уредна документација во согласност со закон и тоа;

-организирана е општинска собирна акција за ОЕЕОкоја се реализираше од 10-30 ноември 2017г.,

- на акцијата и претходеше изготвување на информативен леток за граѓаните чие печатење е финансирано од страна на колективниот постапувач НУЛА ОТПАД ДОО Скопје дистрибуиран со сметките за комунални услуги.

Акцијата се спроведе многу успешно. Соработката со граѓаните и правните субјекти беше на очекуваното ниво. Услугата беше бесплатна за граѓаните

Табела бр.6 Преглед на видот и количините на собрана ОЕЕО

Ред. број	ДАТУМ	КОЛИЧИНА (kg)
1	07.04.2017	1.598
2	27.04.2017	2.330
3	20.06.2017	2130
4	13.07.2017	400
5	13.11.2017	430
6	29.11.2017	1.460
7	**Вкупно**	**8.348**

Задача 5: Постапување со отпадни тонери

Од печатењето на материјали во општинската администрација и институциите кои се во надлежност на општината, во депото на ЈКП Дервен во 2017г. се собрани 214 отпадни тонери спакувани и времено складирани на соодветен начин, безбеден за животната средина. Склучен е договор помеѓу Општина Велес и овластен постапувач со отпадни тонери Ф-групација Скопје за предавање на собраните отпадни тонери, но оваа активност ќе биде спроведена во првиот квартал на 2018г.

Задача 6: Подобрување на собирањето и транспортирањето на отпадот

Собирањето и транспортирањето на отпадот е најзначајната активност во системот за управување со отпад. Она што е беше слаба страна во системот е начинот на известување и координација во извршување на услугата меѓу директните учесници, нивните раководители и општината.

Во заедничка соработка со Општина Велес и ЈКП Дервен, од 01.04.2017г. се изготвени и отпечатени обрасци за дневна евиденција на настани и воведување на систем на известување за состојбата на дневна основа заради подобрување на услугите кон граѓаните.

Во овие обрасци секој возач на возило во смена го пополнува образецот, ги евидентира на многу лесен начин сите настани кои ќе ги затекне на лице место (дефект на возило, причини за неможност за собирање на отпадот, затекнат растителен или др. вид на отпад на јавните површини несоодветен за собирање во ноќните часови).

Овие обрасци се прегледуваат од страна на одговорниот работоводител, по што се превземаат активности за санирање на состојбата на теренот.

Табела бр. 7 Преглед на причини за несобирање на отпадот

Ред. бр	**Дата**	**Оставен отпад**	**Причина**
1	03.04.2017	Малина, Л.Осмаков, Пошта контејнер сендвичара Круг Гимназија	Габаритен отпад Трева
2	04.04.2017	- дефект на возило – електрика	
3	05.04.2017	- ул.Архиепископ Михаил – фурни	Паркирани возила
4	06.04.2017	- Народна кујна - Жаба зграда -СИЗ -УЗУС – два контејнери	Гранки Градежен шут
5	09.04.2017	- Офицерски - ул.Димитар Влахов	Паркирани возила Градежен шут
6	10.04.2017	- ул.А.Шурков	Градежен шут
7	11.04.2017	- ул.А.Шурков	Градежен шут

8	11.04.2017	- ул.АСНОМ, Вук контејнери, ЈХК Џинот	Електричен отпад и делови од електронски отпад
9	12.04.2017	- Стоковна кај рампа - Жаба зграда, Мало пазарче - ул. Л.Осмаков	Паркирани возила Гранки Габаритен отпад и градежен шут
10	13.04.2017	- ул. Л.Осмаков - Градинка Жаба зграда, ул.Васил Главинов бр.80 и бр.84 - Северов	Градежен шут и габаритен отпад Градежен шут Габаритен отпад
11	17.04.2017	- ул.Ѓорѓи Димитров, Јордан Џурнов - ул.Благој Нечев, ул.Л.Осмаков	Дефект возило Гранки, градежен шут и земја
12	19.04.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни	Паркирани возила
13	20.04.2017	- ул.Васил Главинов	Паркирани возила
14	21.04.2017	- Маслодајна	Контејнерот е полн со гранки
15	22.04.2017	- Гарденија	Дефект – блокирано увце
16	23.04.2017	- ул.Маца Овчарова - ул.Тодор Јанев не е земен еден контејнер	Прекопана улица Дефект блокирани кочници
17	24.04.2017	- ул.Тодор Јанев - ул.Архиепископ Михаил	Габаритен отпад Гранки
18	25.04.2017	- Уската контејнерот - Жаба зграда - ул.Васил Главинов - Пазарче трговски	Пред контејнерот истурена земја Контејнерот полн со гранки Контејнерот полн со плочки Градежен шут
19	26.04.2017	- Нов театар - ул.Рилски конгрес -ул.Богдан Прличков бр.22 - Фурни	Контејнерот е полн со гранки Затворена се прекопува Габаритен отпад Паркирани возила
20	28.04.2017	- Жаба зграда - Јовче Ќучук	Градежен шут Паркирани возила
21	11.05.2017	- Црна џамија – градинка	Паркирани возила
22	12.05.2017	-Кај Чаро	Гранки
23	14.05.2017	- Дефект гуми, дефект црево на ладилник	
24	15.05.2017	- Пазарче трговски	Гранки
25	16.05.2017	- ул.Ѓорѓи Димитров - Уска контејнер - ул.Луј Пастер – трансформатор	Габаритен отпад Земја и градежен шут Дефект на возило – дупнати две гуми
26	18.05.2017	- Галарија Дворови	Габаритен отпад, гранки
27	19.05.2017	- Бугарска амбасада	Паркирани возила

28	20.05.2017	- ул.Благој Ѓорев – Офицерски, Пазарче трговски	Гранки
29	21.05.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни - ул.Родна Ивева	Паркирани возила Габаритен отпад
30	22.05.2017	- ул.Васил Главинов, ул.Бл.Нечев - Галарија -Уред	Гранки Габаритен отпад Контејнерот полн со градежен шут
31	23.05.2017	- ул.Орце Шутев	Габаритен отпад, градежен шут
32	24.05.2017	- ул.Бане Андреев Ронката, ул.Архиепископ Михаил, ул.Кирил и Методиј и дел од ул.Рилски Конгрес - Железен мост	Паркирани возила Градежен шут
33	25.05.2017	- контејнерот кај Уска -Галарија, ул.Кирил и Методиј	Градежен шут Гранки и габаритен отпад
34	26.05.2017	- ул.Лазо Осмаков	Паркирани возила
35	28.05.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни - дефект прегорени осигурувачи	Паркирани возила
36	29.05.2017	- ул.Стеван Богоев плоча, ул.Лазо Осмаков, Вук контејнери, Касарна 1 контејнер - дефект возило – проблем со воздух	Гранки
37	30.05.2017	- ООУ Блаже Конески, ул.Ганчо Хаџи-Панзов -градинка Црна џамија	Гранки Паркирани возила
38	31.05.2017	-ул.Васил Главинов, ул.Л.Осмаков и ул.С.Богоев -ул.8ма Велешка - ул.Архиепископ Михаил фурни и ул.Благој Ѓорев кај скара Диме (населба)	Гранки и габаритен отпад Контејнерот полн со градежен шут Паркирани возила
39	01.06.2017	- Којник Теќе -Симпо	Паркирани возила Габаритен отпад
40	02.06.2017	-ул.Архиепископ Михаил фурни	Гранки и габаритен отпад
41	04.06.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни	Паркирани возила
42	05.06.2017	- Камено брдо - контејнер наспроти Пошта	Паркирани возила Габаритен отпад
43	07.06.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни	Паркирани возила
44	08.06.2017	- Теќе кај дуќанот	Градежен шут
45	09.06.2017	- градинка Црна џамија	Градежен шут
46	11.06.2017	- ул.Васил Главинов - Малина голем контејнер	Паркирани возила Габаритен отпад
47	12.06.2017	- Пазарче населба - Дворови подвозник	Градежен шут Гранки, габаритен отпад
48	13.06.2017	- Пазарче населба - Интернационал Јавор	Паркирани возила Градежен шут
49	14.06.2017	-ул.Архиепископ Михаил фурни	Паркирани возила
50	16.06.2017	- Дворови - кај Џинот	Паркирани возила Градежен шут
51	17.06.2017	- Кај Пазарче Населба	Градежен шут

52	18.06.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни, ул.П.Зографски, ул.С.Петков	Градежен шут
53	19.06.2017	- ул.Кузман Јосифовски Питу, ул.Бл.Нечев	Гранки
54	20.06.2017	- Стоковна контејнери	Габаритен отпад
55	21.06.2017	- ул.Андон Ќосето, ул.Родна Ивева - Тавеко Дворови десно до Вардар	Гранки Габаритен отпад
56	22.06.2017	- ул.Б.Каракостев кај продавницата - ул.Л.Осмаков до Деспина гаражи - дефект се скрши рачка за собирање на отпад	Оставен електронски отпад Градежен шут и гранки
57	23.06.2017	-ул.Архиепископ Михаил - ул.Кирил и Методиј	Гранки Контејнер полн со градежен шут и електронски отпад
58	25.06.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни	Паркирани возила
59	26.06.2017	- Пазарче населба - дефект – скршен крстач, прегорено светло на приколка, дупнати гуми - ул.Петре Милевски	Габаритен отпад Паркирани возила
60	27.06.2017	- дефект – дупнати гуми	
61	28.06.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни, ул.Бл.Ѓорев кај скара Димче населба	Паркирани возила
62	28.06.2017	- Превалец кај кривината	Габаритен отпад
63	29.06.2017	- ул.Мицко Козар	Прекоп на улицата
64	30.06.2017	- Васил Главинов - дефект дупнати гуми	Паркирани возила
65	01.07.2017	- Болница	Контејнерот нема дно и капак
66	02.07.2017	- дефект – дупнати гуми	
67	03.07.2017	- цел реон не е собран	Дефект инсталација
68	05.07.2017	- Сама - Ловно - Андон Ќосето – десно сокакот	Контејнерот преполн со градежен шут Паркирани возила до контејнерот Цементиран е сокакот
69	06.07.2017	- ул.Гемиџиска	Прекопување на улицата
70	09.07.2017	- ул.Благој Ѓорев кај Димче скара Населба - ул.Архиепископ Михаил фурни -Железен мост	Гранки и кабли Паркирани возила Градежен шут
71	10.07.2017	- дефект каиш на алтернатор	
72	11.07.2017	- Црна џамија – градинка	Паркирани возила
73	12.07.2017	-Кирил и Методиј – контејнерот кај училиштето	Електронски отпад и градежен шут
74	13.07.2017	-Варница -8ма Велешка	Габаритен отпад Гранки и ископан канал
75	16.07.2017	- Долни дуќани - кривина Узус - ул.Архиепископ Михаил фурни	Гранки Габаритен отпад Паркирани возила

76	17.07.2017	- ул.Јордан Џурнов, Узус, контејнерите кај Вук, Базент	Гранки
77	18.07.2017	- ул.Луј Пастер - Црвен крст	Паркирани возила Гранки
78	19.07.2017	- Офицерски - ул.Архиепископ Михаил фурни	Габаритен отпад Паркирани возила
79	20.07.2017	- Бузалково	Градежен шут
80	21.07.2017	- ул.Димо Хаџи Димов, Црвен крст	Гранки
81	23.07.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни - Железен мост -ул.Максим Горки, ул.Богдан Каракостев, ул.Л.Осмаков	Превртени контејнери Градежен шут Габаритен и електричен отпад
82	24.07.2017	- ул.Петре Милевски -дефект на возила (нема светло, дефект на пумпа, движење на мерцедес) - Пазарче населба	Паркирани возила Градежен шут и гранки
83	25.07.2017	- Црвен крст	Гранки
84	26.07.2017	- ул.Славе Петков бр.21	Габаритен отпад
85	31.07.2017	- Галарија	Оставен отпад од секаков вид
86	02.08.2017	- пред Бојка дуќанот слепото сокаче	Паркирани возила
87	04.08.2017	- дефект – нема струја на тракторите	
88	06.08.2017	- ул.Архиепископ Михаил - галарија	Паркирани возила Оставен габаритен отпад
89	07.08.2017	- ул.Архиепископ Михаил	Паркирани возила
90	09.08.2017	- ул.Архиепископ Михаил, Стоковна контејнери, Бане Андреев Ронката	Паркирани возила
91	10.08.2017	- Уред, Саат, Дворови, Речани	Дефект назад на корпата има пукнато црево и пукнати задни гуми
92	11.08.2017	- Дворови	Дефект
93	13.08.2017	- ул.Архиепископ Михаил	Паркирани возила
94	16.08.2017	-ул.Архиепископ Михаил - кај Чаро	Паркирани возила гранки
95	17.08.2017	-ул.Архиепископ Михаил	Паркирани возила
96	18.08.2017	- ул.Јовче Ќучук кај Манасот	Паркирани возила
97	20.08.2017	- ул.Архиепископ Михаил	Паркирани возила
98	21.08.2017	- Суд -Уска	Дефект да се завари увцето Скршен контејнер
99	22.08.2017	- Суд, Лазо Осмаков, Камено брдо	Паркирани возила
100	23.08.2017	-Суд, ул.Архиепископ Михаил фурни	Паркирани возила
101	24.08.2017	- Суд	Нема увце
102	25.08.2017	- позади Суд	Паркирани возила
103	26.08.2017	- Суд	Тежок контејнер
104	27.08.2017	-ул.Архиепископ Михаил	Паркирани возила
105	28.08.2017	- Стоковна, Плоча	Паркирани возила

106	29.08.2017	- Дворови	Дефект возила
107	30.08.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни	Коли паркирани
108	01.09.2017	- ул.Јовче Ќучук	Коли паркирани
109	03.09.2017	- Второ кладенче	Бетонирана улица
110	04.09.2017	-ул.Кумановска	Бетонирана улица
111	06.09.2017	- ул.Георги Димитров - Болница	Паркирани возила Шут
112	08.09.2017	- каменот Сиз	Шут
113	10.09.2017	- контејнерче Дервен - Болница	Дефект на контејнер Шут
114	11.09.2017	- ул.Петре Прличко - Скривница – плоча	Дефект возила Паркирани возила
115	13.09.2017	- Болница контејнери	Шут
116	14.09.2017	- Ловно - Петре Милевски	Шут Паркирани возила
117	17.09.2017	- Дуле гледачот	Паркирано возило
118	18.09.2017	- Болница и кај Бошко	Дефект возила
119	19.09.2017	- Стоковна, Пармак, Јовче Ќучук	Паркирани возила
120	26.09.2017	- Бане Андреев Ронката - Башино Село - кај Бошко - Керамидна	Паркирани возила Дефект на контејнерче Коли Отпор на работник (казнет)
121	27.09.2017	- Костурница, Родна Ивева, Стојан Бурчевски - Фурни	Дефект на возило Паркирани возила
122	28.09.2017	- Керамидна – една улица	Паркирано комбе
123	29.09.2017	- Стоковна	Паркирано комбе
124	03.10.2017	- Дворови	Паркирани возила
125	04.10.2017	- Превалец	Ископан пат
126	05.10.2017	- фурни - Превалец	Оставено возило Ископан пат
127	08.10.2017	- Мишелинко, Црна џамија, Жито,Стоковна	Паркирани возила
128	09.10.2017	- контејнер Пармак	Паркирано возило
129	13.10.2017	- градинка	Нема клуч
130	16.10.2017	- Бане Андреев Ронката, Мирче Ацев	Паркирани возила
131	18.10.2017	- фурни, Кирил и Методиј -Превалец	Паркирани возила Поткопан пат
132	19.10.2017	-Железен мост, Народна кујна	
133	20.10.2017	- Пармак	Паркирано комбе
134	21.10.2017	- централно градско подрачје – цел реон	Нема луѓе
135	22.10.2017	- цел реон Рилски конгрес, Сараевска - ул.Костадин Бодин, Рилски конгрес, Кирил и Методиј, Стар мост	Нема луѓе Паркирани возила
136	23.10.2017	- ул.Архиепископ Михаил, ул.Никола Оровчанец, Дворови, Речани, Саат, Камено брдо, Базент - Водно	Дефект на возило Запален контејнер
137	24.10.2017	- ул.Александар Несторовски, ул.Никола Оровчанец, ул.Кузман Јосифовски Питу	Дефект возила
138	25.10.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни	Паркирани возила
139	26.10.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни	Паркирани возила

140	27.10.2017	- ул.Јовче Ќучук, Театар - ул.Лазо Осмаков, мост	Паркирани возила Шут
141	29.10.2017	- ООУ Кирил и Методиј	Заклучено
142	30.10.2017	- Теќе, Речани	Дефект
143	31.10.2017	- Пармак, ул.Јовче Ќучук	Паркирани возила
144	02.11.2017	-Народна кујна -плоча	Габаритен отпад и градежен шут Паркирани возила
145	05.11.2017	- стоковна два не земени контејнери - дефект на камион - ул.Максим Горки, ул.Архиепископ Михаил фурни, ООУ Кирил и Методиј	Паркирани возила Повреда на работник
146	06.11.2017	- ул.Лазо Осмаков	Габаритен отпад и гранки
147	07.11.2017	- Кај Бекташ (Али) - Пармак	Паркирани возила Паркиран камион
148	10.11.2017	- Стоковна до рампа два контејнери	Паркирани возила
149	11.11.2017	- Стоковна	Паркирани возила
150	12.11.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни - два контејнери кај новите згради, ул.Ризо Ризов, ул.Љубе Митев и базентот	Паркирани возила Дефект дупнати предни и задни гуми
151	13.11.2017	- ул.Архиепископ Михаил фурни - дефект дупната гума	Паркирани возила
152	16.11.2017	- Народна кујна - Железен мост - Камено брдо, базент	Гранки Габаритен отпад Дефект – дупнати гуми
153	17.11.2017	- ул.Орце Шутев - кај Скршениот	Паркирани возила Паркирано возило (Никоб осигурување)
154	18.11.2017	- Текстил Илина	Истоварена роба
155	19.11.2017	- Маца Овчарова - еден контејнер кај Пармак извртен - Жаба зграда до градинка - цел реон не земен - Црна џамија	Паркирани возила Габаритен Дефект- нема струја контакт Гранки
156	20.11.2017	- Плоча	Паркирани возила
157	21.11.2017	- ул.Јовче Ќучук - кај Пармакот контејнерот е преполн	Паркирани возила
158	22.11.2017	- Благој Кирков - фурни, ООУ Кирил и Методиј - дефект скинат штраф на преден лев федер - кај Пармак – паркиран камион - ул.Бл.Ѓорев кај Багремче	Гранки Шут Гранки
159	24.11.2017	-ул.Климент Охридски - лево сокакот -ул.Тодор Христов Офицерчето - ООУ Кирил и Методиј-еден контејнер	Паркирани возила Габаритен отпад Скршени тркалца

160	26.11.2017	- Кај споменикот и Малина, Општина - ул.Архиеписко Михаил - фурни	Градежен шут Габаритен отпад
161	27.11.2017	- Камено брдо, базент	Лизгав терен
162	28.11.2017	- ул.Орце Шутев - кај споменикот и Малина	Паркирани возила Градежен шут
163	29.11.2017	- ул.Маца Овчарова	
164	30.11.2017	- кај Малина	Паркирани возила
165	01.12.2017	- кај Пармак - кај Стоковна	Паркиран камион Паркирани возила
166	03.12.2017	- ул.Архиепископ Михаил – фурни, ООУ Кирил и Методиј - дефект	Паркирани возила дупнати предни гуми на возила
167	04.12.2017	- дефект - дефект - контејнерите спроти Интернат	дупнати гуми на приколка пукната гума погонска на трактор гранки

Овој извештај е разгледуван на редовните состаноци на тимот кој ја спроведува Програмата и од истиот може да се согледаат причините за нецелосно извршување на услугата –се работи за дефекти на возила за собирање на отпад, а најчесто причината за неизвршување на услугата е непрописно паркирање на возила од страна на граѓаните.
Овие пречки ќе се разешуваат во 2018г. во соработка со МВР-СВР Велес.

Задача 7: Воведување на населеното место Клуковец во интегрираниот систем за управување со отпад

Оваа задача не е реализирана заради стариот и дотраен возен парк и нереализирање на набавката на ново возило кое беше предвидено во Програмата.

Задача 8: Годишна акција за собирање на габаритен отпад

Годишната акција за собирање на габаритен отпад се реализираше од 10 март до 10 април 2017г.

За подигнување на јавната свест беа дистрибуирани информативни летоци преку сметките
за комунални услуги до сите правни и физички лица корисници на комуналните услуги.

Табела бр.8Собрани, транспортирани и депонирани габаритни предмети кои не се за понатамошна употреба

Ред. број	Вид на отпад	количина
1	кревет (спална-растурен)	14
2	тепих	11
3	душек	26
4	наткасна	1
5	тросед(растурен)	10
6	фотеља	13
7	висечки орманчиња	24
8	садопер	3
9	даски	10
10	кауч	45
11	табуретка	1
12	детска количка	1
13	пружина	1
14	врати	15
15	прозори	15

16	стиропор	2
17	када	1
18	WC шоља	4
19	ролетни	11
20	точак	1
21	даска за пеглање	1
22	текстил-јамболии	2
23	стол	8
24	сушара за алишта	1

Во акцијата беа собрани 100м³ отпад што е за 30м³повеќе од 2016г. Услугата беше бесплатна за граѓаните и беше побарана од 105корисници.

По собирањето, габаритниот отпад се транспортираше до општинската комунална депонија за крајно отстранување на посебен простор определен за ваков вид на отпад.

V.2 РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ

Задача 1: Спроведување на План за чистење на диви депонии

Согласно зацртаните активности од Програмата за управување со отпад за 2017 година за чистење на диви депонии, Општина Велес и ЈКП "Дервен" спроведоа активности за чистење на дивите депонии на следните локации: Превалец (брег на река Тополка), пристапен пат пред градските гробишта Раштани, простор зад ООУ Кирил и Методиј, зад Народен музеј, брег на Битолска пруга, ул. Лазо Осмаков (зад пицерија Да Винчи). Дополнително е извршено отстранување на азбестноцементни табли на простор спроти некогашниот ресторан ОХОХО, вонредно чистење на дивата депонијата од градежен шут и абестноцементи табли во зелениот појас спроти некогашната Топилница.

Со санација и расчистување на дивите депонии се растерети животната средина на територијата на општината од отпад во количина од 225м3.

V.3 ПРЕВЕНЦИЈА НА ОТПАД

Задача1: Поддршка на акции за собирање на отпад

Во 2017г. продолжи акцијатаза "Прогласување на најдобар собирен центар за отпад во училиште и објект во градинка" во кој беа вклучени основните училишта и детската градинка.

Признанија добија:ОСУ Јовче Тесличковзанајголемо количество собран ОЕЕОи ОЈУДГ Димче Мирчев за најголемо количество собрана хартија, ПЕТ амбалажа и отпадни батерии.

На најдобрите им беа поделени пригодни награди: LCD проектор и печатач, обезбедени од страна на колективниот постапувач НУЛА ОТПАД ДОО Скопје.

V.4 ПРОМОЦИЈА И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА 3Р (РЕДУЦИРАЈ, РЕУПОТРЕБИ, РЕЦИКЛИРАЈ) ВО ДОМАЌИНСТВАТА И КОМЕРЦИЈАЛНИОТ СЕКТОР

Задача 1: Развивање на кампања за подигнување на јавната свест за промоција на придобивките од 3Р за човековото здравје и животната средина

Во 2017г. беа отпечатени и дистрибуирани до граѓаните со сметките за комунални услуги:

- леток за промоција на акцијата за собирање на габаритен отпад,
- леток за користење на зелени кати за комунален отпад,
- леток за користење на жолти канти за селектиран отпад,
- леток за проширувањето на реонот за собирање на картонска амбалажа од комерцијалниот сектор.

Како што е погоре споменато во извештајот, беше отпечатен и дистрибуиран до граѓаните и леток за промоција на акцијата за собирање на отпадна електрична и електронска опрема чие печатење беше финансирано од колективниот постапувач.

Задача 2: Воспоставување на комплетна оперативност на Собирниот центар за отпад од пакување

Потполна оперативност на Собирниот центар обезбедува континуирани активности за сортирање, балирање, мерење и складирање на отпадот, негово предавање на овластен постапувач, подготовка на документација за колективниот постапувач, одржување на опремата (преса, вага палетар, стокова вага, опрема за видео надзор, фотоволтаичен систем и сл.).

Превземањето на отпадот од примарната селекцијасе врши двапати месечно во сабота, во текот на денот. Резултати од собирањето на ПЕТ амбалажа не може да се прикажат за 2017г. затоа што сеуште не е склучен договор со овластен постапувач за ПЕТ амбалажа. Целокупното количество на собран отпад е складирано во дворната површина на Собирниот центар, но значителни резултати од примарната селекција сеуште нема.

Од 1-ви Септември 2016г, ЈКП Дервен во соработка со Општина Велес започна со одделно собирање на картонска амбалажа од трговските објекти. За таа цел ангажирано е возило кое врши собирање само на картонска амбалажа директно од пред трговските објекти. ЈКП Дервен како собирач на пакувања и отпад од пакување има склучено договор за деловно-техничка соработка со Друштвото за управување со пакување и отпад од пакување ПАКОМАК ДОО Скопје, во врска со услугите за постапување со овој вид отпад кој претставува комунален отпад на територијата на Општина Велес.

За продажба и откуп на целокупната стара хартија и картон што ЈКП Дервен ќе ја собере, склучен е Договор за соработка со НУТРИВЕТ ДООЕЛ Скопје, кој истата целосно ја превзема односно откупува.

Со оваа активност голем дел од картонската амбалажа која завршуваше во контејнерите измешана со останатиот комунален отпад одвоено се собира и со неа се постапува согласно Законот за постапување со отпад од пакување.

Воспоставување на модел за соработка со неформалните собирачи на отпад од пакување кои сеуште се стационирани на општинската комунална депонија и неовластено селектираат отпад, но сеуште не е воспоставен модел за соработка и нивно вклучување во формалниот систем за управување со отпадот. На депонијата постојано се присутни, собираат отпад од пакување и без никаков надзор го изнесуваат надвор од депонијата со што се губат голем дел од количините за рециклабилен отпад , како и финансиските средствата кои може да бидат обезбедени по овој основ.

Табела бр.9Собрани количини картонска амбалажа 2017г.

Ред број	ДАТУМ	КОЛИЧИНА (кг)
1	15.05.2017	8.440
2	16.05.2017	8.060
3	22.06.2017	4.060
4	29.06.2017	7.010
5	15.08.2017	6.480
6	20.09.2017	6.930
7	25.10.2017	5.825
8	12.12.2017	7.450
	Вкупно	**54.255**

Задача 3:Воспоставување на пилот активности за собирање на отпадно стакло

ПАКОМАК ДОО Скопје ги дониираше, а ЈКП Дервен ги постави 10те контејнери за собирање на старо, отпадно амбалажно стакло (амбалажа од шишиња, тегли)во непосредна близина на следните локации: ТУШ, БРАКО, КАПРИ, ВЕ-МОЛ, ПАБ, САКО ТРЕЈД, Градски парк, по должина на ул. Лазо Осмаков.

За таа цел, беа доставени информативни летоци до сите угостителски објекти. Активностите започнаа на 01.11.2017г. За два месеци собрани и предадени на ПАКОМАК се 3.110кг. отпадно стакло.

Табела 10. Вкупни количини собрани видови селектиран отпад за 2107г.

Вид на отпад	Количина
Електронски и електричен	8.348кг
Габаритен	100 м^3
Отпадно стакло	3.110 кг
Картонска амбалажа	54.255кг
Интертен отпад	225 м^3
Отпадни батерии	40кг

Табела 11. Количини на депониран комунален и друг вид неопасен отпад на општинската комунална депонија за 2017г.

Ред. бр	Шифра						Вид на отпад	фактор	Количина на примен отпад	
								Фактор на конверзија	t	m³
1	2						3	4	5	
1	2	0	0	3	0	1	измешан комунален	0,26	18793	72281
2	2	0	0	3	0	2	отпад од пазари	0,14	893,2	6380
3	1	5	0	1	0	2	пакување од пластика	0.22	314,6	1430
4	1	5	0	1	0	1	пакување од хартија и картон	0.2	253	1265
5	2	0	0	2	0	1	биоразградлив отпад	0.38	418	1100
6	0	4	0	1	0	8	отпадни штавени кожи	0.51	632,4	1240
7	0	2	0	1	0	2	отпад од животинско ткиво	0.83	1112,2	1340
8	0	4	0	2	9	9	друг текстилен отпад	0.17	634,1	3730
9	2	0	0	1	0	8	биоразградлив отпад од кујни и канини	0.20	398	1990
10	1	0	1	2	0	8	керам, цигли, плочки и град.материјал	0,56	184,8	330
11	1	0	0	1	0	1	пепел, згура и прашина од котли	0,46	250,7	545
12	0	2	0	3	0	4	мат. несоодветни за консумирање	0,41	475,6	1160
13	1	2	0	1	0	1	Метална инд	0,30	505,5	1685
14	0	2	0	3	9	9	друг отпад(тутун)	0,19	4,75	25
15	1	7	0	5	0	4	земја и камења	1,06	1838	1734
